Učestvoto na ženite vo sovremenite

# УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

trendovi vo republika Makedonija

**д-р МИРЈАНА НАЈЧЕВСКА, м-р ТЕУТА АРИФИ,**
**д-р НАТАША ГАБЕР**

Mirjana Najčevska
Teuta Arifi
Nataša Gaber

**Фондација "Фридрих Еберт"**
**Канцеларија Скопје**
**Скопје, Јуни 1997**

Friedrich-Ebert-Stiftung
Bonn
Bibliothek

A 97 - 07330

Издавач:
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје
Бул. Партизански Одреди бр.89
91000 Скопје, Република Македонија

Лектор:
Марија Станкова

Редакција и организација:
Милинка Трајковска

Техничка обработка:
Миле Митровски

Печат и реализација:
"АМК Макдизајн" - Скопје

Тираж: 300 примероци

# СОДРЖИНА

**1. ЖЕНАТА ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА (компарација со меѓународното ниво на заштита МОЖНИ ПРАВЦИ ЗА РАЗВОЈ** ........ 5
1.1. Национално законодавство (формално-правна рамка, базични претпоставки, поставеност на проблематиката, третман, термини) ........ 5
1.2. Отсликување на националното законодавство во практиката (илустративни статистички показатели и индикативни резултати на позитивното право и операционализација низ заштитните механизми ........ 27
1.3. Меѓународна регулатива (состојби, дефинираност, место, санкционираност, тенденции)........ 35
1.4. Кон создавањето на национална машинерија за промовирање на еднаквоста ........ 38

**2. ЖЕНАТА И ПОЛИТИКАТА** ........ 47
2.1. Жената во политичкиот процес ........ 47
2.2. Жената како политичко битие ........ 48
2.3. Некои причини за недостаток на женскиот елемент од политичкото дејствување... 49
2.4. Политичкиот ангажман на жената во Република Македонија ........ 50
2.5. Жените - парламентарно малцинство ........ 51
2.6. Жените и политичките партии........ 54
2.7. Синдром на администрација ........ 55
2.8. Локална самоуправа ........ 56
2.9. Фактори за политички ангажман на жената ........ 57
2.9.1. Образование ........ 57
2.9.2. Вработување ........ 59
2.9.3. Средствата за јавно информирање ........ 60
2.10. Генерални ставови за политичко ангажирање на жената ........ 60
2.11. Извршна и судска власт ........ 65
2.12. Заклучоци и препораки ........ 66

3. ЖЕНСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 69
3.1. Преглед на светските трендови ........ 69
3.2. Домашни женски невладини организации и нивното поле на активност ........ 73
3.3. Сумарни согледувања ........ 98

# 1. ЖЕНАТА ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА
**(компарација со меѓународното ниво на заштита)**
**МОЖНИ ПРАВЦИ НА РАЗВОЈ**

## 1.1. Национално законодавство
**(формално-правна рамка, базични претпоставки, поставеност на проблематиката, третман, термини)**

Традицијата на формално-правниот рамноправен третман на половите во Република Македонија, започнува непосредно по Втората светка војна, со воведувањето на социјалистичкиот општествено-политички систем. Рамноправноста меѓу жената и мажот беше втемелена во основните принципи на системот кој требаше да биде изграден. Еднаквоста издигната на ниво на основен постулат го подразбираше формално-правно еднаквиот законски третман на половите, еднаквиот пристап кон образовните институции и еднаквиот третман во нив, формално-правно изедначените права кои произлегуваат од работниот процес (со акцент на посебното заштитно законодавство за жената) и еднаквиот пристап кон структурите на власта и механизмите на одлучувањето. Акцентот во овој период е ставен пред се на заштитата на жената-мајка на работното место, овозможувањето на еднаквиот пристап кон сите облици на образование, воспоставувањето на формално-правната рамноправност во семејството, во извршувањето на родителските права и во процесот на наследувањето. Посебно голема придобивка на овој период е вклучувањето на жената во решавањето за прашањата од областа на репродукцијата и легализирањето на абортусот (за што е донесен и посебен закон кој е сé уште во сила). Ваквата поставеност на материјата обезбедува за жената низа права кои долго време го надминуваат и највисокото позитивно законодавтство на било која од земјите на западната демократија.

Она на што е обрнато најмало внимание во 50-те години од развојот на социјализмот е надминувањето на менталната шема на поставеноста и улогата на половите во секојдневниот живот и во процесите на работа и одлучување.

Отсуството на индивидуалниот пристап во третманот на глобалната материја на човековите права и слободи негативно се одразува, како во областа на промовирањето на еднаквоста меѓу половите, така и во можноста за индивидуална заштита на декларираните права пред соодветни органи. Оттука произлегуваат и низата празнини во законскиот третман на материјата, но уште повеќе евидентното отсуство на соодветни механизми низ кои ќе можат да бидат оживотворени нормативните определби. Насилството во семејството, насилството во работната средина, отсуството од повисоките структури на власта, правото на жената да врши избор кога се во прашање заштитните норми што и се нудат, надминувањето на културните шеми и стереотипи во процесот на образованието, се елементи на кои воопшто или многу малку се обрнува внимание во глобалниот третман на материјата за еднаквоста меѓу половите.

Тргнувајки од воочените недостатоци, во анализата на актуелната законска регулатива во Република Македонија, која се однесува на проблематиката на еднаквоста на половите и положбата на жената, ќе се задржиме на неколку сфери како посебно значајни за предметот на истражувањето:

- семејството
- образованието
- работниот процес
- структуирањето на власта и процесите на одлучување
- криминалитетот

Актуелната структура на законско регулирање на материјата во најголема мера не ги надминува концептуалните рамки на претходниот систем. Тоа не значи дека не се видливи придвижувања кои значат имплементација на некои значајни елементи на структуирањето на граѓанската демократија, а пред се индивидуализација во пристапот на заштитата на човековите права и слободи. Меѓутоа, промените се сé уште стихијни, несистематизирани и далеку од тоа да бидат вброени меѓу приоритетите на глобалната промена.

Во фокусот на уставното регулирање еднаквоста на половите се третира во одделот за граѓанските и политичките слободи и права, во членот 9 каде што се утврдува дека:



*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.*

Во одделот за економските, социјалните и културните права, во членот 40 во ставот (1) се истакнува дека:

*Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.*

И според членот 41 став (1):

*Право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца.*

А, според членот 42 став (10) и став (2):

*Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.*

*Малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа.*

Овие, во основа, начелни и глобални определби кои ја признаваат еднаквоста на половите понатаму се конкретизираат непосредно во законските текстови од областа на работното, кривичното и семејното законодавство и посредно во низа други закони и во дел од подзаконската нормативa.

Позитивниот законски опфат на материјата, споредeн со многу други законодавства е на исклучително високо ниво и зафаќа многу широк круг области. Основна карактеристика на законското регулирање на проблематиката поврзана со еднаквоста на половите и рамноправноста на жената во Република Македонија, е начелната општост и декларативност која поаѓа од претпоставената еднаквост на половите, без јасно изразена интенција на законодавецот за поголема експлицитност и афирмативна конкретизација. Тоа значи дека законските одредби во голем број од случаите не се поткрепени со животворна машинерија, со објективни средства, со етаблирани институции и структуирања на заедницата кои би овозможиле нивно практично ефектуирање.

Во понатамошната анализа на одделните законски текстови ќе се навратиме на оваа специфика.

Како што веќе спомнавме, процесот на транзиција и промените во општествено-политичкото структуирање се

одразија како на нормативно-правниот пристап и третман на материјата, така и на практичното остварување на постулатите на еднаквоста и недискриминацијата на половите.

Транзицијата и економските тешкотии коишто ја следеа сами по себе влијаеа да се влоши општата положба на граѓаните и посебно на жената, како во работната средина, така и во поширокото општествено поставување. Во услови на економска немаштина во која индивидуата тешко може сама да опстане, како многу нормално се појави засилувањето на значењето на семејството и заедничкото живеење. Со тоа, многу природно, повторно на преден план се промовираше и традиционалната улога на жената како "столб' на семејството. Специфично за транзиционите процеси во Република Македонија е тоа што тие не влијаеа толку на отпуштање од работа на жената колку на нејзино повторно двојно обременување. Имено, намалувањето на стандардот придонесе да бидат укинати или да станат недостапни за просечното семејство-како прво, голем дел од сервисите и услужните дејности, а како второ ги врати во семејството (дури и на едно многу пониско ниво) и сите дејствија кои значат обезбедување на секојдневните животни потреби на членовите на семејството. Со тоа жената се најде двојно оптоварена, без можност да ги сподели домашните обврски со останатите членови на семејството. Тоа, во секој случај, се одрази и сè уште се одразува и на реалните можности за поактивно вклучување на жената во глобалните општествени придвижувања и во процесите на одлучувањето. Секогаш има многу поегзистенцијални работи кои треба катадневно да бидат извршувани.

Во законската регулатива многу посредно се отсликува и може да биде индицирана оваа состојба. Еден од манифестните облици е предоминантната заштита којашто ја уживаат институциите на семејството и на бракот, наспроти евидентното отсуство или маргинализацијата на одредбите кои би значеле промовирање на индивидуалниот пристап кон третманот и заштитата на правата на жената независно од средината во којашто се наоѓа жената, независно од нејзиниот општествено-социјален статус и независно од импликациите кои би ги имал ваквиот третман врз овој нејзин статус. Само на таков начин може да се обезбеди реален и делотворен пристап во заштитата на жената од негативните девијации кои можат да се појават токму во семејството и во бракот. Сè додека не се обезбеди ваквиот индивидуален, а не институционален пристап, ќе се штити пред се институцијата, а не и индивидуата во таа институција.

Токму заради ваквите определби на законодавецот, и во ова истражување се определивме како прв индикатор за процесите што се одвиваат околу прашањето на еднаквоста на жената да ни послужат одредбите содржани во Законот за семејството[1].

Одредбите за формално-правната еднаквост на жената и на мажот во семејството се содржани во сите закони што ја третираат оваа материја во претходниот систем и најголем дел од нив без никакви измени се задржани и во новиот закон од 1992 година.

Новина на Законот за семејството од 1992 година е тоа што тој во себе го содржи и Законот за бракот. На тој начин, одредбите за бракот се испреплетени со одредбите што се однесуваат на односите на родителите и децата, посвојувањето, старателството и издржувањето.

Евидентно е дека, во текстот на законот, не само што нема одредби кои би сугерирале нерамноправност на половите, како во брачната заедница и сите имотно-правни односи кои произлегуваат од неа, така и во остварувањето на родителското право, туку во него е јасно афирмирана основната поставка за рамноправноста на половите.

Во општите одредби на законот за семејството се утврдува дека:

*член 3*

*Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.*

*член 8*

*Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право).*

*член 45*

*Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво.*

---

[1] *Службен весник на Република Македонија(1992/ 80)*

*член 76*

*Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено.*

*член 207*

*Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат со заедничкиот имот.*

Во одредбите на Законот[2] многу јасно е искажана волјата на законодавецот за изедначување на брачната и вонбрачната заедница, како во поглед на правото на меѓусебно издржување, така и во однос на имотот стекнат за време на траењето на таа заедница.

Основното што паѓа во очи при анализата на овој закон е неговата јасно изразена интенција за поставување на односите меѓу половите пред се во контекстот на семејството, што е потенцирано со спојувањето на законот за семејството и законот за бракот во еден закон, односно, со подведувањето на законот за бракот под заедничкото име "Закон за семејството".

Законот брои 286 члена, од кои 28 члена се однесуваат на бракот, 15 члена на имотните односи на брачните другари, а 33 на постапката во брачни спорови. Во сите овие членови не наоѓаат место одредби кои непосредно би се однесувале на проблемите на нееднаквоста во бракот, насилството во бракот, или, пак, дискриминацијата, и тие не се спомнуваат ниту како можни експлицитно наведени причини кои можат да се појават како основа за развод на брачната заедница.

Паѓа во очи и фактот дека во текстот на законот, правата и должностите на брачните другари се третираат само во три члена[3] кои се однесуваат на прашањата на изборот на презимето, на изборот на работата и занимањето, на изборот на местото на заедничко живеење и на грижата за задоволување на потребите на семејството:

[2] *член 13*

[3] *Дел II Права и должности на брачните другари, членови: 31, 32 и 33 од Законот за семејството.*



*член 33*

*Брачните другари секој според своите способности се грижат за задоволување на потребите на семејството.*

Во членот 6 во "Општите одредби" се утврдува дека:

*Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.*

*Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање.*

Интересно е дека и покрај тоа што бракот се третира во рамките на Законот за семејството, брачната заедница во којашто нема деца не се третира како семејство:

*член 2*

*Семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство.*

*Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување.*

Во членот 4 се утврдува дека Републиката обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа. Не се издвојува заштитата којашто Републиката би можела да ја пружи во однос на обезбедувањето на еднаквоста и недискриминацијата во рамките на семејството и во брачната заедница.

Во Законот за наследување[4], во членот 3, граѓаните се изедначени во правата и во обврските во врска со наследувањето, било да се појават како оставители или како наследници:

*Граѓаните под исти услови, се рамноправни во наследувањето.*

Брачниот другар спаѓа во првиот наследен ред и според член 13:

*Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите негови деца и неговиот брачен другар.*

*Тие наследуваат еднакви делови.*

[4] *Закон за наследување, Септември, 1996г.*

Со овие одредби не се прави никаква разлика меѓу мажот и жената или меѓу машките и женските деца во процесот на наследувањето.

Одредувањето на местото на жената во работниот процес и во односите што се воспоставуваат по повод работниот процес, претставува втор клучен момент на законското регулирање. Во Законот за работни односи[5], во чии рамки се регулираат овие односи, не постојат одредби кои на било кој начин би ја промовирале дискриминацијата на жената: било во засновувањето на работниот однос, било во распоредувањето на соодветно работно место, било во висината на платата и другите надоместоци кои ги добива.

Начелно и со овој закон, и покрај тоа што не постојат одредби кои експлицитно би се занимавале со рамноправноста на половите, односно, со недискриминацијата на жената, посредно е декларирана и во голема мера обезбедена рамноправноста на половите како при вработувањето, така и во однос на сите права и обврски кои призлегуваат од работниот процес. Во Законот (а, многу повеќе во подзаконската регулатива и колективните договори) спецификумот на жената-работник се исцрпува со одредбите кои ја штитат работничката-мајка, односно, отсуствува афирмативна поставеност на законодавецот во однос на промовирањето на еднаквоста меѓу половите и забраната на било каква дискриминација врз основа на половите разлики. Отсуството на вакви експлицитни одредби во голема мера го отежнува евентуалното поведување на постапка пред редовен суд и во редовна судска процедура во случаите на сомнение дека при вработувањето, при распоредувањето на одделни работни задачи, односно, доделувањето посебни одговорности, е направена дискриминација на некој од субјектите по основа на пол.

Посредно, посебно преку анализата на одделни посебни закони, како и на колективните договори, може да се изведе заклучокот дека дел од заштитните одредби кои во основа би требало да и обезбедат на жената фактичка рамноправност во работниот процес, можат да бидат злоупотребени во насока на своевидно класифицирање на дел од работите како машки и женски, односно да ја постават

[5] *(Службен весник на Република Македонија бр.80/93 и исправки бр. 3/94)*



жената во нерамноправна положба во процесот на вработување или распоредување на соодветно работно место.

Според член 63 од законот за работни односи:

*Работник помлад од 18 години и работничка не може да работи на работно место на кое претежно се вршат тешки физички работи, работи под земја или под вода, ниту на други работи кои би можеле штетно и со зголемен ризик да влијаат на здравјето и животот, утврдени со колективен договор.*

Со оглед на отсуството на афирмативна норма со која би се утврдила забрана на дискриминација по основа на пол, како и со оглед на фактот дека евидентно отсуствува можноста за избор на жената по однос на заштитните одредби, односно, оваа изборност е редуцирана само на многу ограничен број случаи (член 61 став (2) од Законот за работни односи), можна е злоупотреба на овој член во насока на нарушување на еднаквоста на половите.

Според чл.65, работничка од областа на индустријата и градежништвото не може да се распореди да работи ноќе, ако работата во тоа време би оневозможила таа да оствари одмор од најмалку седум часа во времето меѓу 22 часот и 5 часот наредниот ден (за што, исто така, не е дадена можност за избор, а што може да ги влоши шансите на жената работник при нејзиното аплицирање за конкретно работно место). Заштитната димензија на овој член е уште повеќе зајакната со одредбите во Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија[6], каде што во членот 20 се утврдува:

*На работничката распоредена на работа ноќе, согласно законот и се обезбедува:*

- *оброк (или надомест за оброк)*
- *организиран превоз или надомест за превоз*
- *присуство на стручни работници*
- *други погодности*

Постоењето на заштитно законодавство, односно, заштитни одредби во Законот за работните односи кои се однесуваат на жената, при отсуство на можноста за избор дадена на жената, лесно може да се појави како фактор кој

[6] *Општ колективен договор за стопанството на Република Македонија, (Службен весник на Република Македонија бр. 29/1994 година).*

негативно влијае на еднаквиот третман на мажот и жената во работниот процес, посебно при вработувањето (на сметка на жената). Имено, женската работна сила може да се истакне како прескапа за работодавецот, и тој во услови на вршење избор да дава предност на мажот-работник.

Несомнено е дека заштитното законодавство насочено кон заштита на жената од опасни работи има за основна цел пред сè заштита на жената од аспект на нејзината репродуктивна функција, а во одредена мера и од аспект на потребата на некој начин да ѝ се овозможи на жената да ги балансира одговорностите на работното место и во семејството. Со тоа, одделни работи поврзани со семејството трајно ѝ се ставаат во должност на жената, односно се иземаат од должностите на мажот. Во исто време, ваквите одредби можат да бидат искористени од страна на работодавецот како изговор неказнето да ја дискриминираат жената-работник, со образложение дека таа е прескапа како работна сила или дека нејзините отсуства се преголеми во однос на оние на мажите работници, односно, со образложение дека мажите работници можат посоодветно и поцелосно да се посветат на работата поради отсуството на нивен посебен ангажман во традиционално поделените задолженија во семејството. Ова посебно доаѓа до израз кога станува збор за традиционалната улога на жената во грижата за децата. Неспорно е дека членот 58 е наменет да ја штити жената. Во него се утврдува дека:

*(1) Работничката за време на бременост, раѓање и мајчинство има право на отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато.*

*(2) Работничка која посвоила дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето.*

*(4) Работничка која посвоила дете со навршена деветмесечна возраст на детето, но не постаро од пет години, има право на отсуство од работа во траење од три месеци.*

Симптоматично е тоа што таткото ги нема правата на жената, дури и оние кои не се непосредно поврзани со физиолошката функција на жената да раѓа. Според членот 59:

*(1) Таткото на детето може да го користи правото од чл. 58 на овој закон во случај на смрт на мајката, ако таа го напушти детето или ако поради оправдани причини е спречена да ги користи тие права.*



Со ова всушност на извесен начин едниот од родителите се поставува во нерамноправна положба во однос на другиот, што е во спротивност со одредбите на Законот за семејството кои се однесуваат на остварувањето на родителските права.

Непостоењето на афирмативни норми кои се однесуваат на можната дискриминација при вработувањето и посебно на посебни казнени одредби кои би ја санкционирале ваквата дискриминација овозможува провлекување на фактички дискриминаторски однос при вработувањето. Ова се потенцира и со пензионирањето на жената, кое, како пократко од она на мажот, станува дискриминаторско по основ на пол.[7] Според член 17 од Законот за пензиско осигурување, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 63 години живот (маж), односно 60 години живот (жена). Според истиот овој закон, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 40 години (маж), односно 35 години пензиски стаж (жена). Во Законот за работни односи не е присутна ваквата дискриминација. Во член 108 од овој закон се предвидува дека, работниот однос по сила на закон престанува ако работникот наполнил 40 години пензиски стаж или 65 години живот и најмалку 15 години стаж на осигурување независно од полот.

Врз основа на изнесеното може да се изведе заклучокот дека дел од заштитното законодавство ја оневозможува жената во натпреварот на рамноправна основа на пазарот на работна сила и придонесува за создавање на стереотипот за жената како несигурен и скап работник.

Посебната заштита на жената во рамките на Законот за работни односи, е поместена во Глава 4. како: "Посебна заштита на жената, младината и инвалидните работници". Поврзувањето на заштитата на жената со заштитата на инвалидизираните работници и со посебната заштита на младината, во старт ја поставува во нерамноправна положба во натпреварот за одредени работни места и ја дефинира како послаб или проблематичен работник.

Во чл. 115 во кој се наброени причините за отказ од страна на работодавецот, не е предвидено половото малтре-

---

*[7] Закон за пензиско и инвалидско осигурување (Службен весник на Република Македонија, бр. 80/93 и исправки во бр. 3/94).*

тирање или несоодветно однесување, односно злоупотребата на работното место како законски основ за отказ.

Содржината на колективните договори (општите колективни договори за стопанството и за нестопанството, како и колективните договори по одделни гранки) ја следат пасивната поставеност на законодавецот во однос на еднаквоста на половите и недискриминацијата на жената во работниот процес.

Во општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија, во делот за надоместоците на плата испуштено е да биде спомнат надоместокот при отсуство заради бременост, раѓање и мајчинство, како и надоместокот за нега на дете. Ова се рефлектира и во одредбите на: Колективниот договор за шумарство и дрвна индустрија; Колективниот договор за дејностите, производството и преработката на метали, црна и обоена металургија, рударство, електроиндустрија и енергетика.

Според членот 27 од Колективниот договор за јавните претпријатија од дејноста сообраќај и врски:

*На работничката распоредена на работа ноќе, согласно Законот и се обезбедува посебен третман во однос на работникот маж распореден на истата работна задача.*

Според Колективниот договор за текстилната индустрија на Република Македонија член 21:

*Работничка за време на бременост или со дете до 2-годишна возраст не може да работи подолго од полното работно време, ниту ноќе.*

Сепак во наредниот став е дадена можност за избор на жената која може да се откаже од оваа своја привилегија, односно, по исклучок од одредбите од став 1 од овој член, работничката со дете постаро од 1 година може да работи ноќе само врз основа на нејзино барање.

Во некои одредби колективните договори во позитивна насока ја прецизираат законската регулатива. На пример, самохран родител којшто има дете помало од 7 години или дете тежок инвалид може да работи подолго време од полното работно време или ноќе само врз основа на негова писмена согласност. Исто така, според овој договор, предност да го задржат работното место според член 99 имаат - работничка



за време на бременост или со дете до 2 години, како и самохран родител, односно усвоител на дете до 7 години.

Синдикалното здружување и синдикалната заштита исто така не посветуваат посебно внимание на специфичната проблематика на половата еднаквост. Во целите и задачите во рамките на точка 3, од Статутот на ССМ, синдикалното организирање и дејствување се дефинира како вид на заштитата од било кој облик на репресија и нетолеранција, а особено врз основа на национална, верска, полова, идеолошка, партиска и друга припадност. Освен оваа декларативна определба, понатаму, во ниту еден од приоритетите на Синдикатот не се спомнува борбата против дискриминацијата по основа на пол како дел од активноста во рамките на третманот на работната политика било во општествено-политичката област било во економско-социјалната политика. Во Предлог Програмата на ССМ, во дел I, точка 2. се истакнува дека:

*"Мажите и жените мораат да имаат исти можности за вработување и унапредување."*

Тоа е и единствената одредба која се занимава со проблематиката на еднаквоста на половите во областа на вработувањето и работниот процес воопшто во актите на синдикатот. Во програмските определби нема определби кои се позитивно насочени кон афирмирањето на потребата од приоритетен ангажман на синдикатот во насока на овозможување на жената на полесен пристап кон одделни занимања. Творците на Програмата се однесуваат како да не постои проблемот на дискриминација на жената во процесот на работата. Отсуството на жената од работниот процес, посебно отсуството на жената од одделни занимања и од раководните структури, не се регистрира како посебен проблем кој бара и посебен ангажман на синдикатот.

Процесот на образованието претставува област во којашто е многу направено во насока на изедначувањето на мажот и жената. Во Законите за основното, за средното и за високото образование, не постојат одредби со кои на било каков начин се промовира или се сугерира нееднаквост која би се базирала на пол - било на учениците, било на наставно-воспитниот кадар. Меѓутоа, и овие закони не ги следи подзаконска регулатива којашто афирмативно би се поставила во однос на промовирањето на еднаквоста на половите и во која би биле предвидени средства преку кои ефективно би

се надминувале евентуалните диспропорции во присуството на машките и на женските деца во образовниот процес, односно би се санкционирале евентуални девијации.

Учеството на жената во процесите на одлучувањето, ја претставува следната значајна област во која законската и подзаконската регулатива во многу мала мера афирмативно се соочуваат со евидентните недостатоци во практиката и идентификуваните и искажани потреби.

Присуството на жената во значајната област на политичкото одлучување не е регулирано низ одредбите на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници[8]. Со оглед на тоа што политиката на рамноправност е продукт на политичките претпоставки и на политичката волја на конкретната влада, учеството на жената како конкретно заинтересирана страна во политичките процеси и во структуирањето на власта е од исклучително значење. Обезбедувањето на вакво учество значи скицирање позитивни мерки, со цел да се обезбеди влез на жената во сите области и на сите нивоа на одлучувачкиот процес. Меѓутоа, ниту во програмските определби на партиите, ниту во било кој од законите кои се занимаваат со оваа проблематика не се предвидени посебни одредби со кои ќе се влијае на структурата на Собранието од аспект на застапеноста на жената во неговиот состав.

Секако, интересен е податокот дека во членот 20 став (2) од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници е предвидена можноста кандидатите за претставници во собранијата да ги предлагаат и утврдуваат граѓаните и политичките организации и другите форми на организирање и здружување. Тоа значи дека и регистрираните организации и здружувања на жените можат да предлагаат канидати за Собранието, меѓутоа, до сега ниту еднаш и ниту една организација или здружение на жените не го имаат искористено ова право.

Во Законот за политичките партии[9], кои според овој закон се дефинирани како: оние организирани групи на граѓани кои се залагаат за учество во власта, во членот 4 се истакнува дека:

---

[8] *Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници од 21.09.1990 година.*
[9] *Закон за политичките партии 41/1994 година.*



*програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон:*

*- насилно уривање на уставниот поредок*

*- поттикнување или повикување на воена агресија и*

*- разгорување на национална, верска или расна омраза и нетрпеливост.*

Половата дискриминација не е изрично забранета во програмското делување на овој закон, а не се предвидени ниту афирмативни норми кои би го обезбедиле поголемото присуство и ангажирање на жените во политичкото одлучување и во структурата на самите политички партии.

Сметам дека ова е една од областите во којашто е потребно поактивно позитивно вклучување на државата со соодветна попрецизна нормативa, со што би се направил и чекор во надминувањето на менталните шеми според кои жената само по исклучок може и треба да влезе во процесот на одлучувањето, посебно кога станува збор за повисоките структури на власта и највисоките државни функции.

Еден од значајните фактори на обезбедувањето на еднаквоста на половите, односно, санкционирањето на евентуалните дискриминаторски и други дејствија насочени против правата и слободите на жената, пртеставува начинот на третирање на материјата во Кривичниот законик[10].

Дискриминацијата по основ на пол е казнива според Кривичниот закон на Република Македонија, што е предвидено во генералната одредба за кривично-правната одговорност за дискриминаторски акти во Глава 15 "Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот":

*член 137*

*(1) Тој којшто врз основа на разлика на полот, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, јазикот или друго лично својство или околност, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици,*

---

[10] *Кривичен законик на Република Македонија, (Службен весник на Македонија, бр.37/96).*

*спротивни на Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*

Во главата 34 "Кривични дела против човечноста и меѓународното право", во членот 404 "Воено злосторство против цивилно население", во ставот 1 се утврдува дека:

*(1) Тој којшто за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓуанародното право ќе нареди да се изврши...присилување на проституција или силување...или тој којшто ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотна робија.*

Меѓутоа, во членот 417, во истата глава, каде што се третира расната и друга дискриминација, не се спомнува и половата дискриминација:

*член 417*

*(1) Тој којшто врз основа на разлика на раса, боја на кожа, националност или етничко потекло ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*2) Со казната од став (1) ќе се казни тој којшто врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.*

*3) Тој којшто шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.*

Во низа други членови од Кривичниот законик се третираат одделни посебни дела во кои како жртва се појавува исклучиво, или пак во множеството од случаи, жената.

Во чл. 123 во кој се третира убиството, во ставот (2) точка (5) се предвидува дека:

*"Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни оној којшто ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено."*



Дел од членовите во кои, меѓу другото, се третира и насилството над жената, односно, насилството меѓу половите, се поместени во глава 19 "Кривични дела против половата слобода и половиот морал".

Проституцијата е опфатена во член 191 "посредување во вршење проституција":

*(1) Тој којшто врбува, наведува, поттикнува или намамува лица на проституција или тој којшто на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(2) Тој којшто заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.*

*(3) Тој којшто заради заработувачка со сила или со сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(6) Тој којшто организира вршење на делата од ставовите 1 до 5, ќе се казни со затвор од една до десет години.*

Силувањето се третира во членот 186, "Силување", во ставот (1) каде се предвидува дека:

*(1) Тој којшто друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот и телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, Ќе се казни со затвор од една до десет години.*

*(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици...или пак делото е направено на особено суров и понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор во траење од најмалку три години.*

*(3) Тој којшто друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(4) Тој којшто во случаите 1,2 и 3 ќе изврши само друго полово дејство, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.*

Во ставот 5 од истиот член е предвидено дека:

*Ако делото од став 1, 3 и 4 е сторено спрема лице со кое сторителот живее во брачна или трајна вонбрачна заедница, гонењето се превзема по приватна тужба.*

Со ваквото решение, законодавецот ја поставил во дискриминирана положба жената во брачната заедница. Со тоа што постапката за исто дело во случај на постапка меѓу брачни другари е извлечена од надлежноста на јавниот обвинител и предадена во надлежност на самата индивидуа, се штити институцијата на бракот и семејството, некогаш дури и по цена на тешки нарушувања на правата на индивидуите кои ја сочинуваат оваа заедница; предвидува различни постапки за дела со иста тежина и исти последици; овозможува и понатаму да опстојува менталниот шаблон според кој, кога жената еднаш ќе влезе во домот на мажот таа го губи својот идентитет и е препуштена на неговата милост и немилост. Наместо да се создадат позитивни претпоставки кои жената ќе ја ослободат од овој ментален шаблон и ќе ѝ овозможат да се спротивстави на традиционалниот третман толку присутен на овие простори, таа се постава во ситуација да треба самата да најде сили да се спротистави на целокупното структурно опкружување, на сопствените предрасуди и на предрасудите на пошироката околина, и да поднесе приватна тужба, односно да го пријави малтретирањето, со надеж дека органите пред кои ќе го направи тоа ќе имаат разбирање за ваквата нејзина постапка. Доколку одредбите на овој член се поставаат во контекстот на членот 137 од истиот закон, може да се извлече заклучок дека е направена дискриминација врз основа на општествената положба, односно се ограничени правата на човекот и граѓанинот.

Истата процедура е предвидена и за делото "Обљуба врз немоќно лице" казниво според чл. 187 од Кривичниот законик:

*(1) Тој којшто врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.*

*(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица, на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.*

*(3) Тој којшто во случаите од ставот 1 и 2 ќе изврши само друго полово дејствије, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од три месеци до три години, а за делото од став 2 со затвор од една година до десет години.*

*(4) Ако делото од ставовите 1 и 3 е сторено врз лице со кое сторителот живее во брачна или трајна вонбрачна заедница, гонењето се презема по приватна тужба.*



На некој начин останува нејасно, зошто се очекува лицето од првиот став, кое поради својата состојба е неспособно за отпор да биде способно да превземе гонење по приватна тужба.

Од ова произлегува дека државата се лишува себеси од поведувањето постапка против сторители на кривични дела за кои е предвидено поведување постапка по службена должност, кога кривичното дело е направено во рамките на семејството. Се стекнува впечаток дека институцијата на бракот, односно семејството, е доволно света за да не смее да биде нарушена без повикување од внатре (што значи дека не може да бидат казнети голем број злостори кои се вршат во рамките на бракот, односно, семејството). Ова не е случај кога станува збор за дела кои ги нарушуваат основните постулати на семејството, како што е родоскрнавењето, кадешто државата не се откажува од своето право и обврска да поведе постапка по службена должност:

*член 194*

*(1) Тој којшто ќе изврши обљуба со крвен сродник во права линија или со брат, односно сестра, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*

Брачната врска му дава на брачниот другар широки права врз другиот брачен другар кои далеку ги надминуваат заштитените човекови права и слободи. Доколку се има предвид сè уште во голема мера патријахалниот карактер на брачната и семејната заедница во Македонија, јасно е дека во множеството од случаи се работи за насилство врз жената од страна на мажот.

Посебна глава (20) во Кривичниот закон се занимава со проблематиката на "Кривични дела против бракот, семејството и младината".

Двобрачноста се третира во член 195:

*(1) Тој којшто ќе склучи брак иако е веќе во брак, ќе се казни со затвор од три месеци до три години .*

*(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој којшто ќе склучи брак со лице за кое знае дека се наоѓа во брак.*

Повредата на семејните обврски се третира во член 203.

*(1) Тој којшто со груба повреда на своите законски семејни обврски ќе остави во тешка состојба член на семејството кој не е во состојба да се грижи за себе, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*

*(2) Ако поради делото од став 1 членот на семејството го загуби животот или ако здравјето му биде тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.*

За повредата на овие обврски предвидено е гонење по службена должност, што не е случај кога е во прашање заштита на жената (или еден од брачните другари) од насилството во истото тоа семејство. Ова повторно не наведува на впечатокот дека институциите на бракот и семејството се штитат повеќе отколку психичкиот и физичкиот интегритет на индивидуата. Во тој контекст можеби треба да се погледне и на одредбите во член 174 "Изнесување лични и семејни прилики":

*(1) Тој којшто изнесува или пренесува нешто од личниот или семејниот живот на некое лице што може да му штети на неговиот углед, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.*

*(3) Ако она што се изнесува или се пронесува е од такво значење што довело или можело да доведе до тешки последици за оштетениот, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*

*(4) Вистинитоста или невистинитоста на она што се изнесува или пронесува во поглед на личниот или семејниот живот на некое лице не може да се докажува освен во случај од чл. 176 став (3).*



Во главата 30 "Кривични дела против службената должност" не е посебно издвоено дело со кое би се третирала злоупотребата на службената должност манифестирана низ полова злоупотреба (но, затоа е предвидено "Злоупотреба на службената положба и овластувања за стекнување на имотна корист" (чл.353) за што е предвидено изрекување казна затвор од шест месеци до три години, а за поголема корист и до пет години, па и до десет години). Во Кривичните дела против половата слобода и половиот морал е предвиден член 189 "Обљуба со злоупотреба на положбата" каде што во ставот (1) е предвидено дека тој што...ќе наведе на обљуба или друго полово дејствие лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост и зависност ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години. Под оваа одредба евентуално може да биде подведена и злоупотребата на службената должност, меѓутоа, сметам дека е потребно своевидно разграничување и прецизирање.

Од направената анализа може да се изведе заклучок дека, генералната прокламација дадена во општиот дел од Кривичниот законик за казнивост на делата на дискриминација по основа на пол, не наоѓа соодветно место и соодветен степен на заштита во посебниот дел на Кривичниот законик и во скицирањето на специфични одредби кои би се однесувале на оваа проблематика.

Веќе спомнавме дека позитивен исчекор во насока на воспоставување на еднаквоста на половите и овозможување на жената сама да решава за битните прашања кои се однесуваат на нејзиното здравје, претставува Законот за прекинување на бременоста[11]. Според одредбите на овој закон, прекинувањето на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена. Правото на прекинување на бременоста може да се ограничи само заради заштита на здравјето на бремената жена. Според овој закон, прекинувањето на бременоста после раѓањето на третото дете е бесплатна (што произлегува од определеноста на државата да води активна политика на наталитетот). Неможноста сите прекини на бременоста да бидат бесплатни произлегува од материјалните ограничувања на државата, меѓутоа во практиката, во случаите кога жената која доаѓа да

---

[11] *Закон за прекинување на бременоста, (Сл. весник на СРМ, бр. 19/77).*

изврши абортус е социјално и материјално необезбедена, се допушта бесплатен абортус и пред третото раѓање.

Во Законот за одбрана[12], донесен во 1992, не е направено позитивно придвижување во насока на обезбедување на активното вклучување на жената во воените структури и процесите на одлучување кои се однесуваат на одбраната на земјата, на учеството на војската во разрешувањето на конфликти, односно, на непосредни воени дејствија и активности. Во членот 3 став (2) од спомнатиот закон се вели дека:

(2) *на воена обврска подлежат сите граѓани на Републиката од машки пол на возраст од 17 до 55 години живот.*

(3) *само по исклучок од став 2 на овој член, жените можат да служат во резервен состав.*

Доколку се имаат предвид и одредбите на подзаконските акти[13], јасно е отсуството на можност жената да учествува активно и рамноправно со мажот во една многу значајна област од општествениот живот, која може посредно и непосредно битно да влијае на целата популација. Таа е исклучена од одредена димензија на процесот на одлучување кога станува збор за борбените и одбранбени дејствија на државата и е препуштена во целина на решенијата донесени од страна на само еден од половите. Тоа значи дека 50% од популацијата не е во можност да решава за сопствената судбина кога се во прашање дејствија кои значат живот и смрт.

Во Правилникот за свечена униформа на полицијата во Министерството за внатрешни работи, според членот 2, свечената униформа на полицијата се состои од: сако, пантолони, шапка, кошула со долги ракави, вратоврска, плитки чевли и чорапи. Во овој член не е предвидена женска униформа.

Ниту во Законот за локалната самоуправа, ниту во Законот за локалните избори, не се предвидени одредби со кои посебно би се регулирало присуството на жената на изборните списоци и во составот на структурите на одлучување во рамките на локалната самоуправа.

Подзаконската регулатива во голема мера соодветствува на, во основа, пасивниот третман на материјата во

[12] *Закон за одбрана, 1992г. бр. 8*

[13] *Статут на центарот за образование на кадри од областа на безбедноста; Статут на Воената академија*



одделните закони и не дава нови димензии кои би значеле конкретизирање и операционализација.

**1.2. Отсликување на националното законодавство во практиката (илустративни статистички показатели и индикативни резултати на примената на позитивното право и операционализацијата низ заштитните механизми)**

Во основа, пасивната законска и подзаконска регулатива во практиката погодуваат на задржување на традиционалната поделба на обврските меѓу половите и суштински не ги нарушуваат традиционалните ментални шеми за односите меѓу нив. Голем број од одредбите што можат да се перцепираат како заштитни или афирмативни, се насочени предимно кон заштита на жената во нејзината репродуктивна функција, а не кон оневозможување на дискриминацијата врз основа на пол. Декларативното промовирање на идејата за еднаквоста на половите не е доволно да ги пробие бариерите на вкоренатите предрасуди кои по ова прашање се воспоставени во структуирањето на општеството. Самото изјаснување против било кој облик на дискриминација, без воспоставување на реални механизми и структурни промени, како и систем на санкции, односно афирмативно-правни определби кои би значеле активно вклучување на државата во промовирањето и заштитата на еднаквоста на половите, не е доволно не само за постигнување на саканиот резултат, туку ни за соодветно придвижување во оваа насока. Законската регулатива мора да биде збогатена со конкретни организационо-функционални решенија кои ќе ја овозможат операционализацијата на базичната определба во насока на еднаквоста на половите и недискриминацијата.

Доколку се појде од една од темелните претпоставки на граѓанството: обезбедувањето на еднакви шанси за секоја индивидуа, станува видлива потребата од натамошно изградување на нормативно-правниот систем кој ја третира предметната проблоематика.

Присуството на достапни, разновидни и разбирливи средства, преку кои можат да се оживотворат и операционализираат законските определби ја претставува основата на било кој обид за пробив во постојното вредносно структуирање на општеството во врска со меѓуоднесувањата на поло-

вите посебно во врска со идентификувањето на местото на жената во поширокото општествено опкружување.

Ќе се обидеме, преку некои базични статистички показатели, најглобално да ја илустрираме актуелната ситуација во практиката која конотира со наведеното законско поставување и решавање на проблематиката. Прикажаните податоци не претставуваат систематска анализа на постојната практика, туку најглобален приказ на општите трендови.

Според податоците од последниот попис, односот на женското и машкото население, според изјаснувањето за националната припадност во Републиката е следниот:

| Изјаснување по национална припадност | мажи | жени |
|---|---|---|
| Вкупно | 974255 | 971677 |
| Македонци | 649243 | 646721 |
| Албанци | 219713 | 221391 |
| Турци | 39390 | 37862 |
| Роми | 22188 | 21519 |
| Власи | 4584 | 4017 |
| Срби | 20231 | 19997 |

Според истиот овој попис, само во 5% од браковите склучени во 1994 година мажите влегле на возраст меѓу 15-19 години, додека во истиот овој период, на истата оваа возраст во брак влегле 27% од жените во Република Македонија. Овие бројки зборуваат за опстојување на некои традиционални односи во рамките на семејството и во односот кон жената, а во исто време, и во најголем број од случаите, значат прекинато школување и повлекување од пошироките процеси на општественото одлучување.

И покрај специфичните одредби во Законот за семејството во кои се утврдуваат некои права на жената, меѓу кои е, на пример, правото на слободен избор на презимето при стапувањето во брак, многу мал број на жени го задржува своето презиме, а во последните 50 години забележан е само еден случај на именување на дете родено во брак со презимето на мајката.

Законската определба за недискриминација по основа на пол во процесот на образованието е недвосмислена и експлицитна. Задолжителното основно образование се однесува



на сите деца во Републиката независно од полот, а во средното образование до крај се почитува принципот на недискриминација. Сепак, во неписменото население жените учествуваат со 75,1%.

Во наредната табела се презентирани податоците за бројот на неписмено население над 10 години возраст според пописот од 1991 :

| Население | Број | % од вкупното население | % од бр. на неписмени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 79425 | 5,8 | 100,0 |
| Мажи | 19673 | 2,9 | 24,9 |
| Жени | 59725 | 8,8 | 75,1 |
| Градско население | 33354 | 3,7 | 100,0 |
| Мажи | 7490 | 1,7 | 22,5 |
| Жени | 25864 | 5,7 | 77,5 |
| Рурално население | 46071 | 10,0 | 100,0 |
| Мажи | 12183 | 5,1 | 26,5 |
| Жени | 33888 | 15,2 | 73,5 |

Мошне очигледна е предоминантната неписменост на женското во однос на машкото население, при што не игра битна улога тоа дали се работи за урбана или пак за рурална популација. Меѓутоа, во следењето на образовното структуирање на населението мора да се земе предвид националната припадност.

Доколку се погледнат споредбените податоци за запишаните ученици во средно образование и структуирањето на населението во одделни возрасни групи, многу очигледни стануваат отстапувањата кај припадниците на одделни националности, што само се потенцира кога станува збор за жената.

| Вкупно население од 15-19 години | мажи | жени |
|---|---|---|
| 162852 | 83181 | 79671 |
| Македонци | 50831 | 48796 |
| Албанци | 22687 | 21934 |
| Турци | 3862 | 3667 |

Ученици во средно образование во учебната 1995/96 година според јазикот на кој се изведува наставата:

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно ученици** | **70907** | **100%** |
| на македонски јазик | 70630 | 88,4% |
| на албански јазик | 8812 | 11,0% |
| на турски јазик | 465 | 0,6% |

Доколку тргнеме од податокот дека, само 19,8% од целокупната возрасна популација од албанската националност меѓу 15 и 19 години е опфатена со средното образование, опфатот на жената - Албанка од оваа возрасна група не надминува 5%. Ова во голема мера влијае на општата положба на жената Албанка.

Видовме дека во Законот за работни односи отсуствуваат одредби со дискриминаторски карактер по основа на пол, меѓутоа сликата на работното структуирање на населението во одделни свои домени трпи суштински деформации во полза на машкиот пол. Во наредната табела се презентирани податоците за вработените жени според степенот на стручното образование во 1992 година:

| | Вкупно | % |
|---|---|---|
| Средно | 59510 | 40,1 |
| КВ | 24896 | 16,7 |
| Високо образование | 18156 | 12,0 |
| ПКВ | 13062 | 8,8 |
| НКВ | 12464 | 8,4 |
| Више образование | 11970 | 8,0 |
| Нижа | 11850 | 7,9 |
| ВКВ | 1514 | 1,2 |

Образовната структура на жените кои се во работен однос е изразито ниска, при што е очигледно дека не само што во своето образование тие се задржуваат претежно на образованието до средно училиште, туку и тоа дека работните места кои ги покриваат само во 20% од вкупниот број на вработени жени отпаѓаат на работни места за кои се бара високо или вишо образование. Доколку ова го компарираме со податокот за учеството на вработените жени во органите, институциите и службите од политичката и од јавната сфера, можеме да ја исцртаме сликата за релативната застапеност на жената во одделните работни структури и во работната



хиерархија. Во оваа светлина, податокот дека жената учествува со повеќе од 50% од вкупниот број вработени во органите на Собранието и на Владата; со 42,6 % во органите на управата; 60% во правосудните органи; 65% во банкарството и сл., може да се протолкува во смисла дека жената релативно лесно го достигнува нивото на пониската и средната администрација, меѓутоа сѐ уште не може да ги пробие повисоките адмнистративни и изборни функции.

Доколку се има предвид податокот дека во учебната 1994/95 година од вкупно 29057 запишани студенти 15692 (54%) биле жени, несомнено се наметнува заклучокот дека, жените и покрај тоа што во голем број случаи завршуваат факултет и се стекнуваат со високо образование, или не се вработуваат и остануваат домаќинки, или пак не се вработуваат на работни места што соодветствуваат на нивното образование. Со ова всушност се врши своевидно прикриено изигрување на законот според кој за еднаква работа и мажот и жената добиваат еднаков надомест.

Сето ова укажува на недостатоците во нормативноправниот систем кој не успева во практика да ги спроведе начелните декларирани ставови за рамноправноста на половите. Прикажаната структура на вработеноста на жената посредно влијае на можноста таа да егзистира како самостојна и материјално независна индивидуа, меѓутоа, уште поважно е што тоа го потврдува и нејзиното отсуство од општите одлучувачки процеси.

Податоците за жените кои бараат работа според нивните квалификации го потврдува веќе прикажаното структуирање:

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно бараат работа** | **90130** | **100 %** |
| НКВ | 35955 | 39,8 % |
| ПКВ и ниже | 6943 | 7,3 % |
| КВ и ВКВ | 13771 | 15,2 % |
| Средно | 26150 | 29,0 % |
| Вишо | 3362 | 3,7 % |
| Високо | 3949 | 4,3 % |

Доколку овие податоци се споредат со податоците за вкупната вработеност на жената, т.е. за учеството на жената во вкупниот број вработени во Републиката, станува очигледен несразмерот на она што како рамноправност се прок-

ламира во Уставот и во Законот за работните односи, а многу ограничено се остварува во практиката.

Статистички индикатори за вработеност на жените во 1994 година:

| ВКУПНО НАСЕЛЕНИЕ | 1936877 | 100% |
|---|---|---|
| Работоспособно население | 1246545 | 64.3 |
| Работоспособно женско население | 593255 | 30.6 |
| Вработени (вкупен број) | 395686 | 100.0 |
| **Вработени жени** | 148299 | 37.4 |

Во услови кога во Републиката се вработени 31% од работоспособното население, од работоспособното женско население се вработени 25%, додека од работоспособното машко население се вработени 38%. Споредено со други држави ова може да се смета за реалтивно висока вработеност на жената, додека пак споредено со податоците за вработеноста на жената во претходните години, очигледни се незначителните ретроградни процеси на учеството на жената-работник во вкупниот број на вработени што се појавуваат како резултат на процесот на транзиција.

Во наредната табела е прикажано движењето на вработеноста на жената во последните години:

| | 1992 | 1993 | 1994 |
|---|---|---|---|
| Вонстопански дејности | 48890 | 49131 | 48757 |
| Стопански дејности | 119043 | 109097 | 99542 |
| **Вкупно** | 167933 | 158228 | 148299 |

Во наредната табела се прикажани општите негативни трендови во вработувањето во Републиката независно од полот на работникот:

| | 1992 | 1993 | 1994 |
|---|---|---|---|
| Вонстопански дејности | 84712 | 84227 | 84717 |
| Стопански дејности | 361485 | 336801 | 310969 |
| **Вкупно вработени** | 446117 | 421028 | 39686 |

Ова укажува на податокот дека во Републиката не се битно нарушени определбите на поранешниот систем кои ѝ обезбедуваа на жената релативно рамноправна вработеност во глобалното структуирање на вработените.



Меѓутоа, пошироко погледано, ретроградните процеси кои се појавија како резултат на транзицијата, ги зафатија генералните параметри кои го овозможуваа непреченото вклучување на жената во работниот процес. Дури и на овој процент на вработени жени не им се обезбедени соодветните услови за непречена вклученост во работниот процес. Имено, само 12% од децата до 7 годишна возраст се опфатени во објекти за организирано згрижување и воспитување на деца. Доколку се има предвид дека жената е таа која независно од својата вработеност во најголем број од случаите го носи бремето на грижата за децата и семејството, ваквата ниска бројка на деца згрижени во установите за организирано згрижување и воспитување на деца, се одразува пред сè врз работоспособноста и ангажманот на жената. Од друга страна, ова на уште еден начин го потенцира значењето на семејството, ја врзува индивидуата за семејството и создава услови за егзистирање на проширените семејни заедници во кои полесно може да биде извршена генерациска поделба на должностите.

Најверојатно најдрастично е отсуството на жената од политичкиот живот и процесите на политичкото одлучување.

| Избрани одборници во Р.Македонија | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| Избрани одбор. во Собр. на град. зедница на Скопје | 70/ 100% | 4 / **5,2%** | 66/94,8% |
| Избрани одборници во Собранијата на општините | 1510/ 100% | 74 / **4,9%** | 1436/ 95,1% |
| Кандидати за пратен. во Собран. на Р. Македонија | 1683/100% | 126 / **7%** | 1557 / 93% |
| Избрани пратеници во Собран. на Р.Македонија, 1994 | 120/ 100% | 4 / **3,3%** | 116 / 96,6% |

Презентираниве податоци само го следат надолниот тренд на присуството на жената, имено, колку се оди погоре на скалилото на одговорноста на функциите кои ги завзема.

Отсуството на жената од јавниот живот и нејзината своевидна поголема врзаност за семејството може да биде прикажана и преку еден посреден индикатор на нејзиното отсуство од општествената патологија. Доколку се погледнат податоците што се однесуваат на полнолетните лица прогласени за виновни за извршени кривични дела во 1994

година, ќе видиме дека жената е минимално застапена во оваа структура со едвај 5,7%:

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 6724 | 100% |
| **Жени** | **387** | **5,7%** |

За жал речиси не се достапни податоците кои би укажале на нивото на насилството над жената, посебно она во семејството и на работното место. Ова сѐ уште останува во просторот на т.н. темна бројка и дури сега се превземаат истражувања кои би требало да фрлат малку светлина и на оваа проблематика. Евидентно е дека нема ниту еден случај покренат пред административен или пред орган на правосудниот систем во кој би се барала заштита на правата на жената повредени со дискриминаторски дејствија по основ на пол. Исто така, евидентно е отсуството на случаи во кои се третира насилството во семејството, односно, насилството на работното место или, пак, со злоупотреба на службената должност.

Повторно би го свртеле вниманието на специфичната состојба кај некои националности во Републиката, што бара посебна програма и третман на проблемот на ниво на држава.[14] Многу индикативна е табелата за дипломираните студенти државјани на Р. Македонија во учебната 1993 година:

| **Дипломирани студенти** | **Македонци** | **Албанци** |
|---|---|---|
| Мажи | 881 | 26 |
| Жени | 1141 | 12 |
| Вкупно | 2022 | 38 |

Учеството на жените-Албанки во вкупниот број на дипломирани студенти-Албанци не соодветствува ниту на нивната процентуална застапеност во вкупниот број на населението од албанската националност, а понатаму, во работниот процес продолжува несоодветната валоризација на стекнатото ниво на образование. Споредбено гледано, жената-Албанка е во полоша положба од жената Македонка кога станува збор за образованието, вработувањето, учеството во глобалните структуирања на општеството, положбата во семејството и можноста да ги заштити своите права и слободи. Нејзиното апсолутно отсуство од структурите на власта, како и несразмерно малото учество во бројот на вработени жени, во голема мера ја изолираат од општествените текови и ја ограничуваат на едно многу тесно опкружување (ја сведуваат на семејството и нејзината улога во рамките на семејството). Ова го индицира и податокот дека во и така малиот опфат на деца во установите за згрижување и воспитување на деца, Албанчињата учествуваат со 8,2%, за разлика од Македончињата кои учествуваат со 90,8%.

[14] *Сметам дека ова треба да претставува предмет на посебно истражување во кое ќе се компарира положбата на жената зависно од нејзината етничка припадност и евентуално ќе се идентификуваат проблемите кои се понагласени или помалку нагласени, зависно од спецификите на одделни етнички заедници во Републиката.*



Групи на деца во предучилишни организации за згрижување и воспитување во 1994:

| **Вкупно групи деца** | **на македонски јазик** | **на албански јазик** |
|---|---|---|
| 1848 | 1678 | 151 |
| **100%** | **90,8%** | **8,2%** |

Број на деца во предучилишни организации за згрижување и воспитување во 1994:

| **Вкупно** | **Македонски** | **Албански** |
|---|---|---|
| 36896 | 32422 | 4058 |
| **100%** | **88,0%** | **11,0%** |

Положбата на жената Ромка во многу соодветствува на веќе прикажаната положба на жената Албанка.

Ваквите податоци укажуваат на евидентна потреба од специфициран пристап во анализата на положбата на жената зависно и од нејзината национална припадност.

### 1.3. Меѓународна регулатива (состојби, дефинираност, место, санкционираност, тенденции)

За да ги идентификуваме основните недостатоци на она што претставува законско регулирање и за да ги скицираме можните алтернативни насоки во кои може понатаму да се развива и доизградува, неопходно е воспоставување на корелација со она што претставува меѓународно достигнато

регулирање, утврдени области во кои е потребно обрнување на специфично внимание и начини на остварување на зацртаните цели. Базичната меѓународна регулатива која се бави со проблематиката на рамноправноста на жената и нејзините права е содржана во: Декларацијата за елиминација на дискриминацијата на жената[15]; Конвенцијатата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената[16]; Конвенцијата за политичките права на жената[17]; Декларацијата за заштита на жената и децата во итност и воени конфликти[18]; Декларацијата за еднаквоста на жената и мажот[19].

Според Декларацијата за елиминација на дискриминацијата на жената:

*Член 2*

*Ќе бидат превземени сите соодветни мерки за да се стават вон сила сите постојни закони, обичаи, регулатива и пракса кои се дискриминаторски во однос на жената и да биде воспоставена соодветна законска заштита на еднаквите права на мажот и жената.*

*Член 3*

*Ќе бидат превземени сите потребни мерки за едукација на јавното мнение и да се насочат националните тежнеења во насока на искоренување на предрасудите и ставање вон закон на обичаите и сета останата пракса кои се базираат на идејата за инфериорноста на жената.*

При натамошното формулирање на соодветните законски и подзаконски определби, како и во потребните структурни промени во специфичните услови на Македонија, според наше мислење, би требало да се обрне посебно внимание

---

[15] *Declaration on the Elimination of Discrimination against Women (1967), General Assembly resolution 2263 (XXII) of 7 November 1967*

[16] *Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women, General Assembly resolution 34/180 of 18 December 1979*

[17] *Convention on the political Rights of Women, General Assembly resolution 640 (VII) of 20 December 1952*

[18] *Declaration on the Protection of Women and Children in Emergency and Arm Conflict, General Assembly resolution 3318 (XXIX) of 14 December 1974*

[19] *Declaration on equality of women and men, Committee of Ministers, 16 November 1988, Council of Europe*



на неколку базични насоки завземени во меѓународната регулатива, и да се најде место за неколку специфични одредби.

Во Кривичниот закон се предвидени одредби кои се однесуваат на проституцијата, потребно меѓутоа е нивно проширување во насока на одредбите дадени во Конвенцијата за забрана на трговијата со луѓе и експлоатација врз основа на проституција[20], посебно имајќи го предвид податокот дека секоја година илјадници млади жени и девојчиња во светот се измамени или продадени во насилна проституција или несакани бракови.

Проблемот на проституцијата е опфатен и во генералната Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (член 6). Во неа се сугерира донесување на посебни закони кои би се однесувале на проституцијата, во кои би било содржано и посебно криминално обезбедување и процедури заради санкционирање и спречување на ваквите активности. Во делувањето на органите за внатрешни работи се бара тие да обрнат посебно внимание и да обезбедат криминален третман на патничките организации кои промовираат секс-туризам, како и на работата на агенциите за склучување на брак. Тука, најверојатно, треба да се вметнат и посебни одредби кои би се однесувале на рекламирањето на овие агенции преку средствата за јавно информирање.

Во меѓународните одредби е издвоено посебно место на злоупотребата на службената должност и насилството на работното место, кои според овие акти би требало да најдат соодветно издвоено место во Кривичниот законик. Во овие акти се сугерира дефинирање на посебни санкции за сексуално малтретирање на работното место.

Според Декларацијата за елиминација на насилството над жената[21] (член 4), се осудува секое насилство над жената, вклучувајки го и насилството во семејството како "повреда на правата и фундаменталните слободи на жената". Во член 4 од Декларацијата се истакнува дека:

*Државите ќе го осудат секое насилство против жената...и согласно можностите во праксата ќе работат на пре-*

---

[20] *Convention on the Suppression of Traffic in Persons and Explotation of the Prostitution of Others, General Assembly resolution 317 (IV) of 2 December 1949*

[21] *Declaration on the Elimination of Violence Against Women, U.N. Document A/Res/48/104, February 23, 1994*

*венцијата, истрагата и соодветно на националното законодавство, казнувањето на актите на насилство врз жената независно од тоа дали тие акти биле направени од страна на државата или од приватни лица.*

Во меѓународната регулатива посебно внимание е посветено на засилената заштита за затвореничките и обвинетите, како и жените под надзор. Меѓу другото, оваа проблематика се третира во Меѓународниот пакт за граѓанските и политички права, во Конвенцијата против тортурата и другото сурово, нехумано и дерогирачко однесување или казнување, во Стандардните минимални правила за третман на затворениците. Во рамките на овие акти, посебно се издвојува потребата од криминализирање на секој акт на сексуален контакт на службените лица и затворениците.

Меѓународната регулатива којашто се занимава со промовирањето на еднаквоста на половите и заштитата на жената и самата е сè уште во повој, меѓутоа, во конципирањето на националното законодавство мора да се имаат предвид зацртаните глобални насоки и конкретните полиња кои се издвоени како посебно чувствителни кога станува збор за оваа проблематика и за облиците на дискриминација врз основа на пол.

## 1.4. Кон создавањето на национална машинерија за промовирање на еднаквоста

Анализата на законското регулирање на оваа проблематика во Република Македонија укажува на релативно широк опфат во повеќе нормативни акти, и третман кој во својата основна насоченост соодветствува на меѓународните определби и ставови. Тргнувајќи од претпоставената рамноправност на жената и мажот базирана на начелните определби на претходниот систем во Републиката, направен е релативно голем исчекор во насока на формално-правното изедначување на половите, меѓутоа, направено е релативно малку во насока на промена на комплексот на реалните односи.

Поаѓајќи од една ваква позиција, и расправата за положбата на жената не само што не е ставена меѓу приоритетите кои бараат брзо решавање, туку е и сосема маргинализирана, како работа која се подразбира и која би требало сама по себе да се реши, а која во основа не создава посебни



проблеми, ниту главоболки во конципирањето и остварувањето на власта. Декларираната рамноправоност и осудата на дискриминацијата се земаат здраво за готово, како доволни во разрешувањето на проблемите на половите, со што се оправдува и отсуството на било каква позитивна акција од страна на државата во насока на формирање посебна машинерија за операционализација на декларираните ставови.

Отсуството на конкретна структура, механизми, подзаконска регулатива и пред сè систем од јасни и значајни санкции, ја поставува жената во пасивна, многу често, подредена улога, и ја оневозможува во искористувањето на сите свои потенцијали во животниот натпревар.

Со цел да се следи основната интенција на глобалните општествени промени, како и со цел да се создаде систем во кој ќе бидат инкорпорирани решенијата на меѓународната регулатива, потребни се промени-како во базичниот прис-тап на законското регулирање, така и во одделните законски решенија. Меѓутоа, многуповоочлива е потребата од изградување на она што би претставувало институционално-структурна основа која ја овозможува операционализацијата на нормативните определби.

Основното сознание коешто произлегува од меѓународните акти и решенија е дека, ниту едно демократско општество не може да ја прифати ситуацијата во која половина од неговата популација е делумно или потполно исклучена од одлуките што се однесуваат на целата заедница; односно, не може да ја прифати ситуацијата во која половина од популацијата е маргинализирана од базичните граѓански права или обврски. Ваквото сознание квалитативно го менува предметот на еднаквоста меѓу мажот и жената и го поместува од маргините на социолошката дебата кон арената на градењето на политиката.

Оттука појдовна глобална поставка во секој натамошен третман на половите мора да биде прашањето на еднаквоста како суштинска претпоставка на демократијата. И во третманот на проблематиката на половите таа треба да биде сфатена во терминолошката рамка којашто ја дава еднаквоста како еднаква можност и еднаквоста како фундаментално право. За разлика од досегашното предоминантно присуство на заштитата и заштитните механизми, во натамошниот развој мора да се тргне од принципот на еднаквост. Кон еднаквоста на мажот и жената мора да се пријде од ас-

пект на човековите права и на плуралистичката демократија. Еднаквоста мора да влезе во образовниот процес, да ги урне воспоставените шеми и предрасуди, за да може понатаму да се рефлектира и во другите области на општественото живеење.

Промената мора да се одвива на сите нивоа на општественото живеење, меѓутоа мора да започне во семејството. Создавањето систем од механизми и институции кои ќе ја постават жената во еднаква положба и ќе ги индивидуализираат нејзините потреби и интереси, подразбира пред сè поделба на одговорноста за семејството како обврска и како право на двата пола. Секое врзување единствено на жената за семејството и мајчинството, како ограничувачки фактори на нејзиното работно и општествено ангажирање во основа е дискриминаторско.

Доколку се прифати поставката дека еднаквите права, можности и пристап до ресурсите, еднаквата поделба на одговорностите за семејството на мажот и жената и хармоничното партнерство меѓу нив се критични за благосостојбата на нивното семејство и за консолидацијата на демократијата, тогаш потребна е широка позитивна акција (нормативна и политичка) во насока на оживотворување на овие определби.

При тоа треба да се води сметка за разликите што ги формира општествената средина и суштинските разлики што произлегуваат од базичните карактеристики на половите.

Следната област во која е потребна позитивна и афирмативна акција на државата е структуирањето на власта и процесирањето на одлучувањето. Не може да има вистинска плуралистичка демократија се додека жената и мажот немаат еднакви политички одговорности и не се еднакво присутни во процесот на донесување одлуки, и додека не е обезбедено нивно еднакво присуство во сите структури на остварувањето на власта.

Имплементацијата на ефективна политика на еднаквост бара соодветна легална основа за еднаквост de jure, како и позитивни мерки за етаблирање на вистинска de facto еднаквост. Законската основа на еден ваков пристап треба да се базира на две претпоставки:

- интеграција на принципот на еднаквоста во глобалното законодавство;



- усвојување на специфични антидискриминаторски принципи.

Во оваа област најверојатно најмногу треба да се инсистира на создавање на законодавство кое ќе ја овозможи еднаквоста на шансите. Потребно е понатамошно развивање на постојната легислатива која ќе кореспондира со новите услови и која ќе биде насочена кон заштита на женските права.

Анализата на законската регулатива која се однесува на заштитата на жената и промовирањето на еднаквоста меѓу половите, укажува на неколку можни правци на натамошното надградување на системот во оваа насока.

Содржините кои треба да се промовираат во оваа насока се однесуваат на:

1. законската регулатива која се базира на еднаквоста и во која се афирмира еднаквоста;

2. промовирањето на политичката партиципација низ пробив на паритетот, квотите и позитивната акција, содржани во соодветната законска регулатива;

3. поставувањето на еднаквоста како афирмативно-по-зитивна претпоставка во програмите на политичките партии;

4. создавањето позитивна законска регулатива со чија помош жената ќе се здобие со еднакви шанси да биде вклучена во сите области на одлучувањето, меѓу кои посебно место завзема вклучувањето во активниот воен кадар и завземањето на високи функции во воените структури и во министерството за одбрана;

5. внедрувањето на женската култура и спецификумот на нејзините потреби и интереси во полето на законот, човековите права и во други сфери како рамноправни на машката и без можност тие да послужат како основа за било кој облик идна дискриминација;

6. државата треба енергично да го поддржува донесувањето на закони или одредби во соодветните законска и подзаконска регулатива кои го одредуваат третманот на жената во полициската постапка и во текот на отслужувањето на казната затвор. Ова подразбира и преглед на правилата за сведочење, со цел да се елиминираат нормите кои дискриминираат врз основа на пол.

7. Државата треба да обезбеди затворските внатрешни правила и регулатива, како и државните закони кои се за-

нимаваат со третманот на затворениците, да бидат конзистентни со интернационалните стандарди. Тие треба експлицитно да ги дефинираат, забранат и санкционираат сексуалните лоши однесувања, вклучувајќи го и силувањето.

8. Да се избегнуваат закони или законски и подзаконски одредби во кои не се води сметка за способностите, можностите и карактеристиките на индивидуата, туку се даваат генерални одредби кои можат да бидат искористени во насока или со цел за дискриминација по основа на пол.

9. Да се предвидат кривични, граѓански, работни и административни санкции во домашната легислатива за да се казни лошото однесување со жените и девојчињата кои се субјекти на било која форма на насилство дома, на работа во потесната заедници или во општеството. Ова може да се постигне со тоа што во законите мораат да бидат предвидени исклучително високи казни за повредите на некои од овие права или за дискриминацијата по основ на пол-за да бидат нешто повеќе од симболични-по својот ефект.

Саканите промени во регулативата треба да бидат насочени кон нејзино специјализирање во однос на одделни прашања, подецидно формулирање на целите и задачите кои произлегуваат од основната определба за недискриминација по основ на пол; и обезбедување фактичка еднаквост на половите во рамките на нивната различност, со афирмативен пристап кој би значел едно поактивно вклучување на државата и нејзините структури во постигнувањето на вака формулираните цели. Тргнувајќи од горното, потребни се промени во законските текстови на: Законот за изборите[22], Законот за семејството[23], Законот за работните односи[24], Законот за народна одбрана[25], Законот за пензиското осигурување[26], Кривичниот законик [27], Законите за образование[28].

---

[22] *Отсуството на позитивна регулатива која би го овозможила учеството на жената во процесите на одлучување е во непосредна спротивност со членот 3 од истата оваа Конвенција, како и со одредбите на Конвенцијата за политичките права на жената[22] и Декларацијата за еднаквоста на жената и мажот[22]. Во членот 3 од Конвенцијата се истакнува дека:*

*"Државите членки во сите области, а посебно во областа на политиката, социјалата, економијата и културата, ќе ги превземат сите потребни мерки, вклучувајќи ја и легислативата да обезбедат полн развој и* ***присуство на жената****, со цел гарантирање на остварувањето и уживањето на човековите права и фундаментални слободи на база на еднаквост со мажот."*

[23] *Согласно Декларацијата за елиминација на насилството во однос на жената[23] чл.4 "Декларацијата го осудува насилството против жената, вклучувајќи го и насилството во домот како повреда на правата и фундаменталните слободи на жената". Недостатокот на законски третман на материјата за силувањето и малтретирањето во домовите и предрасудата за вината на жртвата на силувањето ја нарушуваат обврската за гарантирање на рамноправноста на жените-граѓани во заштитата на законот и уживање на граѓанските и политички права без дикриминација.*

*Според ова, државата треба да го идентификува домашното насилство како криминален акт кој ќе има рамноправен третман како и криминалните акти на насилство направени надвор од домот и семејството.*

[24] *Во овој закон покрај заштитените одредби секогаш мора да постои можност за избор; жената и мажот работник мораат да бидат изедначени во однос вршењето на родителските права и привилегиите што произлегуваат од нив, а кои се поврзани со работниот процес; потребно е скицирање на посебни афирмативни одредби во кои ќе се осуди било кој облик на дискриминација по основ на пол и ќе бидат предвидени посебни санкции за ваквиот облик на дискриминација; ќе бидат предвидени посебни одредби кои ќе ја санкционираат злоупотребата на службената должност во однос на жената, насилството на работното место и половите злоупотреби.*

[25] *Во Законот за народна одбрана и во подзаконската регулатива којашто го следи, мораат да бидат предвидени одредби со кои жената ќе добие рамноправен пристап во армијата, раководните функции во армијата и обучувањето на Воената академија.*

[26] *Треба да биде усогласен со Законот за работни односи и да се изедначат годините на стаж меѓу мажот и жената, или да ѝ се даде можност за избор на жената за евентуална примена на овие одредби.*

[27] *Одредбите на Кривичниот закон во членовите (186 став 5 и 187 став 4) се во директна спротивност со членот 1 од Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација на жената според кој:*

*1*

*За потребите на ова Конвенција терминот "дискриминација против жената" ќе ја означува било која дистинкција, изземање или рестрикција направена врз онова на пол која има ефект или цел намалување или негирање на препознавањето, уживањето или остварувањето од страна на жената,* ***независно од нејзиниот брачен статус****, врз база на еднаквост на мажот и на жената, на човековите права и фундаментални слободи на политички, економски, социјален, културен, граѓански и било кој друг план."*

*Насилството во семејството кое е за прв пат на некој начин спомнато во кривичниот закон, според одредбите и заклучоците на меѓународното регулирање, бара посебен третман. Според овие анализи, домашното или семејното насилство е една од водечките причини за неправда кон жената речиси во секоја земја во светот, а во некои земји се вбројува меѓу една од најбројните причини за лекарски интервенции кај жените. Третманот на овој вид насилство како "приватна работа" која може да биде санкционирана само со покренување на приватна тужба, погледнато во светлина на меѓународното регулирање го поставува прашањето на еднаквоста пред законот и недискриминаторскиот пристап кон жената зависно од нејзиниот општествен статус. Имено, доколку жената не е во брак со насилникот, државата и гарантира заштита и поведување на постапка по службена должност, меѓутоа, доколку е во брак или во трајна заедница со насилникот,*

Заради обезбедување на минимални услови за операционализација на ваквата норматива, потребно е делување во насока на изградување на соодветна машинерија на државно и недржавно ниво, која би можела да ги реализира овие норми. Тоа подразбира создавање на такви структури и тела кои ќе го олеснат патот на жената да го пријави секое малтретирање, без да биде изложена на непотребни реакции и притисок од страна на средината.

Создавањето на овие и вакви механизми мора да започне со создавањето на институции и структури кои ќе го овозможат уделот на жените и нивната полна партиципација на база на еднаквост во сите сфери на општеството, вклучувајќи го учеството во донесувањето на одлуките и достапот до моќта, како фундаментални за успехот на еднаквоста, развојот и мирот (6). Во однос на мерките и механизмите кои треба да бидат промовирани заради ефектуирање на законските определби потребно е:

1. создавање национална машинерија за еднаквост на повисоко политичко ниво;

2. формирање парламентарни комисии или групи кои би се бавеле со еднаквоста/ паритетот меѓу жената и мажот;

3. иницирање на работа со членовите на законодавните тела, со цел промовирање на вистински перспективи во целокупната легислатива и политика;

4. поттикнување на партиите, во своите програмски определби и во текот на изборните активности, да го поддржат ангажирањето на жените на изборните и на неизборните позиции во иста пропорција и на исто ниво како и мажите.

Отсуството на жената од клучните места на одлучувањето во корен го оневозможува манифестирањето на нејзините специфични интереси, но и индивидуализацијата во пристапот кон клучните места на власта.

---

*државата не и го гарантира ова ниво на заштита и сопствено инволвирање. Меѓународното право повикува на акција од страна на државата или на индивидуи кои делуваат како претставници на државата и смета дека е одговорност на државата да ја истражи секоја ситуација која во себе содржи насилство над правата кои се заштитени со меѓународното право. Секое насилство е нелегален чин (независно од односите на двете индивидуи и местото каде што се случува).*

[28] *Во законската, но, уште повеќе во подзаконската регулатива, треба да се промовира позитивна акција во насока на еднаков опфат на девојчињата и на момчињата во процесите на образование, и да се работи на посебни програми кои ќе значат едукација за еднаквоста на половите.*



Заради соодветно разработување на програмите и нивно операционализирање, потребно е да се направат и институционални придвижувања во рамките на самата државна структура. Формирањето на посебни тела во рамките на одделни министерства, или формирањето на посебно министерство кое би се занимавало со проблемот како комплекс, може да претставуваат своевидна институционална гаранција за соодеветен пристап кон проблематиката и нејзино разрешување во рамките на институциите и институтите на системот.

Кога станува збор за регистрирање и санкционирање на насилството во семејството, најверојатно, позитивни резултати би дало формирањето на посебен оддел за истражување на случаите на домашното насилство во рамките на обвинителството. Ова понатаму подразбира и развивање на специјализирани департмани, посебно во министерството за правда и во министерството за труд и социјала (во услови на отсуство на посебно министерство кое би се занимавало со проблематиката на жената).

Позитивната акција во себе мора да го содржи елементот на едукација на мажот и жената имплементиран како во образовниот систем, така и во посебни системи и методи на едукација на возрасните. Посебно внимание треба да се обрне на едукацијата на органите на внатрешните работи и другите државни служби кои доаѓаат во ситуација да интервенираат во случаи на насилство врз жената или дискриминаторски акти врз основа на пол.

Машинеријата која треба да го обезбеди надминувањето на традиционалното отсуство на жената од јавниот живот и облиците на нејзино дискриминирање, подразбира комплекс на општествена активност која ги надминува и строго државните структуирања. Невладиното организирање во овие процеси мора да завземе соодветно место и да даде соодветен придонес, меѓутоа во услови на непостоење на соодветни начини за реален пробив на жената во политичкото структуирање, овие облици можат единствено да бидат деформирани и политизирани. Во вакви услови тие најчесто се преобразуваат во некаков облик на супституирање на политичкиот ангажман на жената, а како такви многу лесно можат да бидат и злоупотребени од страна на политичките партии и за тесно-партиски цели.

# 2. ЖЕНАТА И ПОЛИТИКАТА

## 2.1. Жената во политичкиот процес

Темата за присутноста на женскиот пол во политичкиот живот се отвара како реакција на хроничниот недостаток на женскиот елемент од политичкиот живот. Недостатокот на овој битен елемент на општеството од сферата на јавниот живот, само по себе поставува неколку прашања кои истовремено очекуваат и јавен одговор:

- Зошто жените во процесот на политичкото одлучување во еден голем број на земјите во светот, вклучувајќи ја тука и нашата земја, се реткост?

- Зошто жените не се присутни во политичките позиции каде се одлучува, ни во земјите кои имаат доста позитивна и афирмативна легислатива за претставување на женскиот пол?

- Како да се објасни појавата кога во истити општествени услови, некои жени се одлучуваат за политичко делување, додека останатиот дел не се одлучува за превземање на тој чекор?

За да се одговори на спомнатите прашања, но и на низа други прашања кои се отвараат во врска со политичкиот ангажман на жената во нашата земја, но и на политичкиот ангажман на жената како процес, треба да се постават неколку хипотези:

- Политичкото одлучување, е поле на здобивање со моќ, и традиционално машкиот пол е поприсутен во таа сфера, поради своите интереси но и поради традиционалната поставеност на општеството.

- Самите припаднички на женскиот пол, политичкото ангажирање го сфаќаат како одрекнување од многу други моменти од семејниот живот, па затоа бројот на жените кои се одлучуваат за политичко ангажирање е битно помал од бројот на мажите. Во овие рамки политички се ангажира групата на жени која повеќе е склона кон активизмот и кон политичката активност.

- Општествените промени во земјите од Источна и Централна Европа, во овие рамки и во Република Маке-

донија, влијаат и врз позицијата на жената имајќи го предвид фактот дека и таа треба да истражува за изнаоѓање на нови модалитети за реализирање на идејата за еднаквост во партиципирањето во јавниот живот.

Преку едно истражување не е можно да се опфати целиот проблем, ниту да се расветли процесот во целина, но сепак преку отворањето на неколкуте од прашањата сврзани за жената и моментот на политичкото одлучување, се овозможува активно размислување за општествените околности и нивното влијание во јавната и политичката функција на женскиот пол. Сепак, во самиот процес на развојот на демократските движења е повеќе од јасно дека тие иститите не можат да бидат комплетно изведени без подршката и присутноста на тие поради и кои се развиваат истите. Во овој случај, без подршката и присутноста на половината од општеството, т.е. женскиот пол, пол кој сепак би нудел една нова димензија на целиот политички процес.

## 2.2. Жената како политичко битие

Непобитен факт е дека жената исто како и мажот претставува политичко битие. Овој заклучок произлегува од самата нејзина граѓанска обврска како гласач да одлучи за политичките текови на земјата во која таа живее, работи и се реализира. Но може да се каже дека по процесот на нејзиното одлучување како граѓанин, политичкото огледало на повеќето земји на светот покажува дека бројот на жените во позиција да одлучуваат е доста мал.

Ако се набљудуваат земјите од Западна Европа, тогаш земјите можат да се групираат според процентот на жените кои се претставени во парламентите на тие земји. Во групата на земји како што се: Шпанија, Португалија и Грција процентот на жената во парламентите се движи од 4 - 8%. Во Франција и Германија околу 10%. Највисокиот процент на жените присутни во највисоките тела на државата е постигнат во Скандинавските земји, до 40%.

Процентот на жените претставени на високите политички функции во земјите на Источна и Централна Европа е опаднат и изнесува до 6%, додека бројот на жените во земјите од азискиот и африканскиот дел од светот е доста скромен и се движи од 2 - 3%. Тргнувајќи од наведените податоци, доаѓаме до заклучокот дека жената е симболично прет-



ставена во високата политика и во високите кругови на распределбата на моќта.

Едно од објаснувањата за спомнатата позиција е идејата дека, политиката и моќта се универзални прашања и во овој контекст не постои потреба за инсистирање за вклучување на женскиот елемент.

Заинтересираните, способните, тие добиваат простор во политичките текови без разлика на нивната полова припадност. Но сепак не може да се занемари фактот дека под универзални вредности поради традиционалната поставеност на општеството се подразбираат претежно вредностите поставени од машкиот пол без големо разбирање за женскиот циклус на функционирање.

Според научниците кои се третираат како левоориентирани, причина за недоволното учество на жената во власта е токму поделбата на трудот, затоа што поделбата на трудот секогаш се реализира поаѓајќи од супериорноста на машкиот пол, како предодреден да биде вклучен во јавните сфери на дејствувањето, додека на жените им е оставена сферата на домашното дејствување. Затоа, жената како политичко битие се третира како бројка, повеќе како глас, како активист во политичка партија или како администратор во пониските нивоа на државната администрација.

Во моментот кога веќе ја анализираме појавата на жената како политичко битие, треба да се истакне и градењето на женскиот индентитет во политиката. Малиот број на жени присутни на високи политички функции понекогаш е само потврдување на самиот тој систем на вредност. Кабинетите на Маргарет Тачер и Индира Ганди беа познати по тоа што освен нив како премиерки, немало ниту еден друг функционер од женскиот пол. Сигурно не поради неквалитетност.

Градењето на женскиот идентитет треба да се одвива во сите сфери на општеството, и по секоја цена да се настојува да се избегне од наметнатиот комплекс на инфериорност.

## 2.3. Некои причини за недостатокот на женскиот елемент од политичкото дејствување

Иако женскиот пол преставува половина од популацијата (доколку половата припадност се смета за групација) сепак, како што веќе спомнавме, статистиките кои се пока-

зател на нејзината позиција при поделба на моќта, покажуваат дека бројот на жените на високи политички функции не кореспондира со процентот на жените во општеството. Според многу автори кои истражуваат во полето на поделбата на моќта, разликата меѓу половите во претставувањето во оваа сфера на животот произлегува од образованието и процесот на едукација, што датира од раните години на детството.

Предрасудите во врска со жената на високи и моќни позиции се формираат многу рано, од самиот момент на градење на имиџот на личност која е најмоќна, сепак во својот дом.

Еден битен момент во тие таканаречени ситуациски фактори во наоѓање на место во политичките функции е мајчинството. Класичниот и патријархалниот облик на семејство, во кој улогата и работата на жената е незаменлива, остава многу малку слободен простор и време за извршување на една поодговорна работа. Во овој случај потребно е не само потполно ослободување на жената од баластот на робувањето на нејзината репродуктивна функција, туку промени на концептот за семејството што функционира врз принципот на поделба на работите на надворешни-кои носат финансиски средства и моќ т.е. машки и внатрешни-кои носат хармонија, самооткажување т.е. женски.

## 2.4. Политичкиот ангажман на жената во Република Македонија

Политичката позиција на жената во Република Македонија не може да се разгледува одделно од процесите што се одвиваат во земјите на источна и централна Европа.

Настаните кои ја променија политичката карта на Европа, резултираа и со промени на политичкиот систем и со започнување на функционирање на повеќепартискиот систем. Новиот политички систем донесе нови трендови и нови приоритети, и го наметна прашањето за позицијата на жената во новите општествени текови. Жените беа активни учеснички во сите големи светски промени, но тие промени секогаш многу малку се одразуваа на нивната позиција. И по првите промени во дваесеттите години, прв впечаток е дека бројот на жените на високи политички функции е опаднат. Така, во Романскиот парламент жените беа присутни со 3.5%, во



Чехословачка со 6%, а во Р.Македонија во првиот повеќепартиски парламент од 120 пратенички места, само 5 им припаднаа на жени пратенички, што изнесува 4% од вкупниот број на пратеници. Во првата експертска влада членуваа само две жени и тоа: д-р Софија Тодорова, како министер за развој и д-р Гордана Силјановска, како министер без портфељ.

Дали намаленото учество на жената присутна на политичките функции во компарација со претходниот политички систем, значи враќање назад во процесот на еманципацијата на жената и подобрување на позицијата на жената во општеството? Одговорот е сепак не. Поголемиот број на жени присутни во собранијата на поранешна СФРЈ и преку делегатскиот систем, не значи дека жените биле влијателни и имале можност за наметнување на некои свои ставови. Формалниот процент на жени на функции е исто така опасен затоа што го оневозможува остварувањето на прашањето за женските вредности во политичките процеси.

Друг момент е исто така, трендот на појавата на еден поконзервативен тек на поставување на работите. Кога партиите функционираат врз национална основа не може да се очекува главен приоритет да биде женското прашање. Во таквите ситуации, јасна е позицијата на жената и нејзините задачи.

Сепак една работа треба да ни биде јасна: дека демократските процеси не мора забрзано да ја променат позицијата на жената во општеството, но овозможуваат жената да се бори за политичка позиција.

Во повеќепартискиот систем доаѓа до израз токму базичниот елемент на политиката, а тоа е освојувањето на власта. Затоа политичките партии не наоѓаат за сходно женското прашање да го сместат и да го сметаат како еден од најбитните приоритети. Напротив: постои тенденција женското прашање да биде маргинализирано.

## 2.5. Жените - парламентарно малцинство

Во овој момент во Република Македонија функционира вториот повеќепартиски парламент, избран по одржаните втори парламнетарни избори во 1994 година. Составот на парламентот избран по одржаните втори парламентарни избори, не е битно променет во однос на бројот на пратенич-

ките од женскиот пол, бидејќи се избрани само 4, за разлика од првиот парламент каде беа избрани 5 жени пратенички.

Вкупниот број предложени кандидати-жени од сите политички партии и независни пратеници, пријавени за изборите, се 7% (од предложени 1765 кандидати, 126 се жени).

Сликата на предложените кандидати според половата припадност е следна :

| Политичка партија | Вкупно (кандидати) | Жени |
|---|---|---|
| СДСМ | 5 | - |
| Либеларна партија (ЛП) | 7 | - |
| Социјалистичка партија (СП) | 2 | 2 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 119 | 11 |
| Демократска партија | 115 | 6 |
| П Д П | 55 | 1 |
| Н Д П | 41 | 2 |
| ВМРО - Гоце Делчев радик. демок.партија | - | - |
| ВМРО - Д П | 61 | 7 |
| ВМРО - МНДС | 50 | 4 |
| ВМРО Обединета | 16 | 2 |
| ВМРО Татковинска партија | 63 | 4 |
| Граѓанско либерал. партија на Македонија | 30 | 2 |
| Демократска партија на Македонија | 104 | 9 |
| Демокр. партија на Југослове. во Македонија | 5 | - |
| Демокр. партија на Турците во Македонија | 54 | 2 |
| Демокр. партија на Србите во Македонија | 13 | - |
| Демокр. прогрес. пар. на Ромите во Македонија | 5 | - |
| Дем. сојуз на просвет. работ. и граѓани на Мак. | 13 | - |
| Демок. сојуз - партија на земјодел. на Мак. | 20 | 1 |
| Демо-Христијанска партија на Македонија | 58 | 9 |
| Движење за семакедонска акција - МААК | 61 | 4 |
| Комунистичка партија на Македонија | 47 | 4 |
| Македонски национален фронт | 13 | - |
| Многунацио. народна партија на Македонија | 10 | - |
| Ново комунис. движење во Македонија | 7 | - |
| Партија за демок. акција - Исламски пат | 18 | - |
| Партија за социјална правда на Македонија | 12 | 1 |
| Политичка партија на невработените на Мак. | 38 | 10 |
| Партија за целос. еманц. на ромите во Макед. | 24 | 1 |
| Работничка партија | 99 | 10 |
| Работничка партија на Македонија | 58 | 7 |
| Работничко - земјодел. партија на Македонија | 21 | 1 |



| | | |
|---|---|---|
| Републиканска партија на Македонија | 12 | 1 |
| Сојуз на комунисти на Македонија | 42 | 4 |
| Социјал демократска партија на Македонија | 56 | 2 |
| Странка на Југослов. во Македонија | 10 | - |
| Независен кандидат | 283 | 15 |
| СДСМ | 108 | 4 |
| СДСМ и ЛП | 1 | - |
| СДСМ и СП | 1 | - |
| ДМПТМ и ПДА - ИП | 1 | - |
| РПМ и ВМРО - ГД | 3 | - |
| ДП и НСДП | 2 | - |

Според податоците четирите кандидатки припаѓаат на коалицијата Сојуз за Македонија (коалиција помеѓу СДСМ, ЛП и СП).

Од наведените податоци може да се заклучи дека процентот на жените, во самиот процес на предлагање на кандидати за највисокото законодавно тело во Републиката, е на доста ниско ниво.

На тој начин, на припадничките на женскиот пол, авотматски им се намалуваат шансите за добивање на пратенички функции и со тоа оневозможени се да учествуваат во највисокото законодавно тело во државата.

Се помалот број на пратеници жени, како и феноменот на неангажираноста на жената во процесот на политичкото кандидирање, што треба да им претходи на нивниот финален избор, претежно се објаснува со немање време - заради преголемиот број на обврски околу децата и домот, но и поради немањето желба да се жртвува приватноста. Политиката е сепак јавна сфера и таа е достапна за секого без разлика на полот.

Потребно, е исто така да се размисли за можноста, во рамките на Републичкиот парламент, паралелно со комисиите кои се во состав на парламентот, да се формира и комисија за еднаквост меѓу половите, која би била составена од пратеници и експерти. На овој начин, на ниво на Парламентот би се инстутиционализирало прашањето за еднаквоста помеѓу половите и во највисокото законодавно тело на Републиката. Ако се има предвид дека во Републичкиот парламент се носат сите законски акти на државата, тогаш улогата на комисијата би била многу ценета во процесот на "половото"

читање на законите, за формирање на една уште посилна закoнска рамка за еднаквост меѓу половите.

## 2.6. Жените и политичките партии

Формирањето на повеќепартискиот систем со себе ја носи и компетитивноста на разни политички профили ориентирани кон една единствена цел: освојување на власта. Логично е дека тие активности се насочени кон тој макотрпен процес на освојување на власта, и тешко е да се очекува дека приоритет може да се даде на женските проблеми и интереси. Според Статистичкиот годишник од 1994 година, на изборите одржани во 1994 година во Република Македонија, пријавени се 36 политички партии со свои кандидати. Може да се истакне, односно евидентен е фактот дека, прашањето за политичко присуство на жената не е партиски приоритет.

Партиите во Македонија се организирани претежно врз етничка, а не врз граѓанска основа. Така, македонските партии се поделени на партии од централен блок (СДСМ, ЛП, ДП), леви (СП), и десни (ВМРО-ДПМНЕ). Националностите се организираат по нивните политички партии, Албанците (ПДП, НДП, ПДПА), Турците (Демократска партија на Турците) и Ромите (Партија за целосна еманципација на Ромите). Според оваа слика, приоритетите на партиите се движат од решавањето на економските, политичките, па до решавањето на националните прашања, но еден заеднички елемент за сите партии, со многу мали разлики, е речиси симболичното присуство на жените во раководните партиски тела. Според податоците од националниот извештај за жената, во рамките на СДС, во работата на централниот одбор од вкупно 79 членови, само 10 се жени. Во претседателството на истото тело, од вкупно 19 членови, само 3 се жени. Во републичкиот одбор на истата партија, од 35 членови, 5 се жени, а во извршниот одбор од вкупно 11 членови, само 2 се жени.

Нискиот процент на присуство на жените на функциите, во рамки на политичките партии е причина и за малиот број на жени присутни на јавни политички функции, бидејќи функционерите се ангажираат од редот на политичките партии.

Политичките партии во Македонија не го применуваат принципот на паритетна демократија, според кој процентот на жените во политичките партии се задржува, со обврска за



бројот на жени, партиски функционери. Во дискусиите најчесто образложение за малиот број на жени-партиски функционери е токму хипотеката од минатото, кога жената во партијата беше присутна, затоа што таа требаше да биде присутна како декор, а не поради нејзиниот придонес. Сметаме дека градењето на психологијата дека жената треба да биде присутна во партијата само заради доградување на некои хумани вредности, сепак ќе почека.

## 2.7. Синдром на администрацијата

За разлика од нискиот процент на жени присутни на политички функции во законодавната и извршната власт, бројот на вработените жени како административен персонал е претставен како висок процент во институциите каде таа не е во позиција да одлучува.

Според податоците од Заводот за статистика ја имаме следната слика:

| Име на институцијата | Вработени (вкупно) | Жени |
|---|---|---|
| Влада и Собрание на РМ | 495 | 273 |
| Републички органи на управа | 6510 | 2778 |
| Правосудни органи | 2425 | 1459 |
| Банкарство | 5154 | 3360 |

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека:

- Во државната администрација и другите високи институции, како што се банкарството, финансиите и судството, бројот на вработените од женскиот пол се движи помеѓу 40 до 45%. Тоа значи дека во тој систем на распределбата на моќта, жената претежно е лоцирана од средината на кај долниот дел на хиерархијата на моќта.

- Највисоките функции во хиерархијата сепак се добиваат преку учеството во силните политички партии или политичките елити. Но, како што наведовме порано, а видовме од податоците, дека бројот на жените во спомнатите елити е доста мал, тогаш е јасно дека и во наведените институции тешко може жената да ги достигне највисоките врвови во партијата, а со тоа и високите политички функции. Но, на овој начин се формираат и предрасудите во општеството во

врска со местото на жената во институциите. Ако веќе со првата поделба на работите нејзе и останаа работите во домот, со втората поделба и остануваат работите кои припаѓаат на ниската и средната администрација. Во рамки на предрасудите што можат да произлезат од ситуацијата, се создава имиџ за жената според кој таа единствено треба да биде секретарка, шалтерски работник и сл.

## 2.8. Локална самоуправа

Локалната самоуправа, која во политичката терминологија, честопати се нарекува и четврта власт, игра многу битна улога во процесот на развивањето на демократските процеси. Уште повеќе, ако се зема предвид фактот дека во единиците на локалната самоуправа се одлучува за практични проблеми од животот.

Поради близината на работните места и семејствата (имајќи предвид дека парламентарната и политичката работа бара многу поголемо отсуство од домот) се смета дека можеби е потребно, бројот на жените одборници во градските собранија да биде поголем. Но од податоците може да се согледа следното:

| | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| Избрани одборници во Собранието на Градската заедница на Скопје | 70 | 4 |
| Избрани одборници во Собранијата на општините | 1510 | 74 |

Од податоците што ги имаме, може да се заклучи дека процентот на жените претставени во локалната самоуправа не се разликува многу од процентот на жените во Собранието и извршната власт. Според податоците што ја прикажуваат ситуацијата по првите локални избори одржани во 1990-та година, од 35 општински собранија, во девет од нив не е избрана ниту една жена-одборник, а во преостанатите таа е застапена со симболичен број и тоа од само една жена одборник во неколку, па се до осум жени-одборници во само две скопски општини. Од податоците со кои располагаме, а кои ја прикажуваат партиската припадност на жените одборници, може да се заклучи дека само 7 од вкупниот број на



партиите пријавени на изборите имаат претставници - жени во општинските одбори:

| | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| Вкупно | 1510 | 74 |
| СДСМ | 10 | - |
| Лига за демократија | 2 | - |
| Движење за семакедонска акција | 34 | 1 |
| ПДП | 226 | 3 |
| ДС-партија на земјод. во Македонија | 8 | 1 |
| СКМ - партија за демократска преобразба | 512 | 24 |
| Странка на Југословените во Македонија | 5 | - |
| Народна демократска партија | 7 | - |
| ВМРО-ДПМНЕ | 201 | 8 |
| Млада демократска прогресивна странка | 8 | 1 |
| Сојуз на реформските сили на Македонија | 312 | 32 |
| ПЦЕР | 7 | 1 |
| Социјалистичка партија | 174 | 4 |
| Независен кандидат | 4 | - |

Според новиот закон за локална самоуправа и административно-територијалната поделба, предвидени се 123 општини, што автоматски го зголемува бројот на одборниците и градоначалниците, а заедно со тоа се отвара можност за поголемо учество на женски-кандидати со можност да бидат избрани. Но според сондажите вршени во политичките партии кои моментално се наоѓаат во екот на предизборната кампања, бројот на кандидатите жени за локалните избори кои треба да се одржат на 17 ноември 1996-та, нема да биде битно променет. Бројот на жените во општинските одбори, според проценките, сепак ќе се движи помеѓу 4 и 6%.

## 2.9. Фактори за политички ангажман на жената

### 2.9.1. Образование

Образованието, нивото на образование, положбата на жената во образовната структура, е битен предуслов во ангажирањето на жената во јавниот живот. Пред научниците кои се занимаваат со истражување на процесот на влијанието на образовниот процес во женското политичко ангажирање,

се поставува прашањето: заради што, жените во помал број од своите колеги дипломираат на факултетите и на тој начин заостануваат во процесот на политичкото одлучување?

Но, ова е сепак само една од тезите, затоа што во многу од земјите, каде што процентот на високообразованите жени е доста висок, сепак процентот на жените присутни на високи политички функции е многу мал и на тој начин се оневозможени да бидат ангажирани во процесот на политичкото одлучување.

Според податоците во Република Македонија, бројот на жените опфатени во сите нивоа на образование изнесува 50%. Во процесот на високото образование, жените студенти покажуваат најголем интерес за следните факултети:

| Факултети и виши школи | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| Природноматематички | 2045 | 1439 |
| Архитектонски | 485 | 266 |
| Технолошко-металуршки. | 1112 | 672 |
| Медицински | 1958 | 1339 |
| Стоматолошки | 581 | 322 |
| Економски | 3566 | 2260 |
| Правен | 1974 | 1205 |
| Филозофски | 1389 | 936 |
| Филолошки | 1737 | 1466 |
| Факултет за ликовна уметност | 152 | 82 |
| Факултет за музичка уметност | 269 | 146 |
| Виша медицинска | 383 | 357 |
| Педагошка академија | 968 | 876 |

За преостанатите факултети, како што се факултетите од техничката област, интересот на жените е помал.

Но, бројот на жените, кои се запишуваат на постдипломските студии (магистерски и докторски) е многу помал од бројот на мажите.

Според наведеното, може да се каже дека бројот на високообразованите жени (кога ангажирањето на жените би зависело само од овој фактор), овозможува таа да биде политички ангажирана, но сепак жените не се одлучуваат за тоа во текот на својот живот.



## 2.9.2. Вработување

Вработувањето е битен момент не само за жената туку за сите луѓе кои завршуваат со нивото на образование за кое самите по сопствена волја се одлучиле. Кога се работи за влијанието на вработувањето, во политичкото ангажирање на жената, научниците кои се занимаваат со оваа проблематика се делат на две групи:

- Првата група на научници мисли дека вработувањето на жената може позитивно да влијае во нејзиното политичко ангажирање.

- Втората група на научници мисли дека вработувањето влијае негативно, затоа што политичкото ангажирање на жената преставува додатно оптоварување за неа. Според овие научници, бројот на жените на политички функции расте, со скратување на нивното работно време (Part time job).

Сепак, сметаме дека вработувањето е битен момет, како контакт со јавниот живот но и како реализирање на личноста преку неговата професија.

Во Република Македонија, бројот на вработените жени изнесува 37% од вкупниот број на вработените. Најголемо е учеството на жената во вонстопанските дејности, и тоа во здравствената и социјална заштита. Најмало е учеството на жената во градежништвото. Во периодот од 1991-1994 година со зголемување на бројот на невработените, истовремено се зголемува и бројот на жените што се невработени.

Бројот на невработените според половата структура е следната :

| | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| 1991 | 164816 | 83086 |
| 1992 | 172089 | 85274 |
| 1993 | 174848 | 86010 |
| 1994 | 185906 | 90130 |
| 1994/91 | 112.8 | 108.5 |

Според табелата, бројот на невработените е речиси ист помеѓу половите, па може да се каже дека не се работи за процес на полова дискриминација.

Но, сепак, треба да се има предвид фактот дека вработувањето на жената е битен предуслов за здобивање на висока позиција во општеството. Во процесот на избор за

активно учествување и здобивање на висока позиција во општеството, успехот во професијата сепак е најзначајниот капитал на жената.

### 2.9.3. Средствата за јавно информирање

Средствата за јавно информирање се од посебно значење, кога се работи за промовирање на жените успешни во својата работа или во нивната политичка функција. Исто така, од посебно значење е проекцијата за жената, која се (нуди) преставува од страна на средствата за јавно информирање.

Во електронските медиуми (Радио и телевизијата) постојат посебни емисии за жената и семејството, во кои претежно се третираат теми од секојдневниот живот, како што се семејството и здравството. Исто така во печатените медиуми, а посебно во трите дневни весници како што се: "Нова Македонија" на македонски јазик, "Flaka e vellazerimit" на албански јазик и "Birlik" на турски јазик, неделно на една страница се објавуваат теми од животот на жената во "Жена и дом". Но, сепак, треба да се има предвид фактот дека со лоцирањето на жената само во програмите на семејството и децата, се наметнува формирање на психологија дека семејството е исклучиво женско прашање, а додека во другите сфери од живот, а особено во јавниот живот, жената може и не мора биде присутна.

Привитизирањето и во сферата на јавното информирање, придонесе да се зголеми бројот на телевизиските и радио станиците, како и бројот на весниците, со што се зголемува просторот за промовирање на женските идеи. Може да се заклучи дека ,средствата за јавно информирање треба да пристапат кон максимално градење на една позитивна слика со која жената успева принципиелно да влијае на јавниот живот и на тој начин да придонесат за промовирање на жени идни кандидатки за високи политички функции.

## 2.10. Генерални ставови за политичко ангажирање на жената

Како индикатор за ставотите за политичкото ангажирање на жената, може да се земат размислувањата на активистите на политичките партии.



На преставниците на политичките партии кои имаат најбројно членство, им беа поставени 15 прашања во врска со политичкото ангажирање на жената. Во истражувањето беа опфатени 7 политички партии (СДСМ, ЛП, ВМРО-ДПМНЕ, ПДП, НДП, ПДПА и Демократската партија на турците).

Во понатамошниот текст ги наведуваме поставените прашања и одговорите добиени на тие прашања:

1. На прашањето кое гласеше: "Дали сметате дека постојат специфични права на жената кои требат да бидат промовирани во процесот на одлучување?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 1 |
| НЕ | 6 |

Во негативните одговори како аргумент се наведува дека во Република Македонија имаме либерален закон, според кој жената има право слободно и независно да одлучи дали ќе го задржи својот плод. Според испитаниците, другите права се заеднички.

Единствениот испитаник кој одговори позитивно, даде образложение дека специфичните права на жената, кои треба да бидат промовирани во процесот на одлучувањето, се правата во врска со мајчината функција.

2. На прашањето: "Дали се потребни посебни тела во државната структура кои би се занимавале со правата и слободите на жената и за еднаквоста меѓу половите?", го добивме следнио одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 3 |
| НЕ | 4 |

- Негативните одговори се образложени со тоа, дека сите женски прашања се реализираат во сите тела на државната структура.
- Позитивните одговори се образложени со тоа дека, се потребни координативни тела и формирање на управа во рамките на Министерството за труд и социјална политика или државна комисија, слично на државната комисија за односи со верските заедници.

3. На прашањето: "Дали сметате дека во Република Македонија е остварена еднаквост на мажот и жената?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 4 |
| НЕ | 3 |

Едниот од испитаниците кој позитивно одговори на ова прашање, даде образложение дека е постигната еднаквост во законските прописи, но не е постигната фактичка еднаквост, што е очигледно од политичката застапеност.

4. На прашањето: "Што е основна причина за слабиот ангажман на жената во политичкиот живот?", го добивме следниот одговор:

Како основна причина за слабиот ангажман на жената во политичкиот живот се наведува: традиционалниот менталитет, големите семејни обврски околу домот и децата, недостатокот на образованието, како и кадровската политика на политичките партии.

5. На прашањето: "Дали сметате дека постојната регулатива обезбедува соодветна заштита на правата и слободите на жената?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 5 |
| НЕ | 2 |

Поголемиот број од испитаниците мисли дека законската регулатива во Република Македонија е многу позитивна, така што нема потреба за промени од тој аспект.

6. На прашањето: "Дали политичките партии треба да обезбедат поголемо присутво на жените во нивните редови?", сите испитаници одговорија позитивно.

7. На прашањето:"Дали се потребни промени во изборниот закон кои би овозможиле поголемо присуство на жената во процесот на одлучување?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 2 |
| НЕ | 5 |

Еден дел од испитаниците, мисли дека постоечкиот изборен закон им ги дава сите можности на жените да бидат избрани на политички функции.



Другиот дел мисли дека треба да се гарантира учество на жените на партиските листи од најмалку 30%, особено во пропорционалниот систем.

8. На прашањето: "Дали е потребно формирање на посебна женска партија?", го добивме следниот одговор

| | |
|---|---|
| ДА | 1 |
| НЕ | 6 |

Речиси сите испитаници, сметаат дека не е потребно формирање на посебна женска политичка партија.

Само еден од нив мисли дека за еден таков чекор е потребно да се размисли, бидејќи во сегашните услови на политичка обесправеност на жената, ваква партија треба да постои само додека не се подобри процентуалната слика на застапеноста на жените во политиката.

9. На прашањето: "Колку Вашата партија води сметка за еднаквоста на мажот и жената?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| Малку | 2 |
| Средно | 4 |
| Воопшто не води сметка | / |

Еден од испитаниците одговори: доволно.

10. На прашањето: "Колкаво треба да биде присуството на жената во парламентот?", нашите испитувани партиски активисти, мислат дека присутвото на жената во парламентот треба да движи помеѓу 20 - 30 %. Некои од нив додаваат дека тој процент може да се оствари единствено преку пропорционалниот систем.

Еден битен момент е односот помеѓу семејството и политичкото ангажирање.

11. На прашањето: "Дали сметате дека жената е столб на семејството?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 7 |
| НЕ | / |

- Сите, без исклучок, сметаат дека жената е столб на семејството.

12. На прашањето: "Дали грижата за децата е пред се должност на жената?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 3 |
| НЕ | 4 |

Тројца од нив, мислат дека грижата за децата е пред се должност на жената, додека четворицата од испитаниците мисли дека таа е заедничка обврска.

13. На прашњето: "Дали мажот и жената не се еднакво способни за врешење на одделни работи?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 2 |
| НЕ | 5 |

Само двајца од испитаниците, мислат дека, мажот и жената не се еднакво способни за вршење на одделни работи.

14. На прашањето: "Дали семејството е основна ќелија на семејтвото?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | 7 |
| НЕ | / |

15. На прашањето: "Дали жената треба да воспостави свои правила за игра во политичкиот живот?", го добивме следниот одговор:

| | |
|---|---|
| ДА | / |
| НЕ | 7 |

Сите испитувани преставници на политичките партии негативно одговорија на ова прашање. Тие сметаат дека правилата на играта се исти за сите, и ако постои желба да се успее, треба да се игра според правилата кои веќе постојат.

Од анкетата може да се заклучи следното: преставниците на испитуваните политички партии сметаат дека бројот на политички ангажирани жени не е на задоволувачко ниво, и дека процентот на застапеност на жените треба да изнесува од 20 % до 30%. И покрај тоа што политичките партии се залагаат за обезбедување поголемо присуство на



жените, за да можат тие да учествуваат како активен субјект во процесот на политичкото одлучување, тие тоа го прават само декларативно, бидејки практиката покажува дека жената како субјект сѐ уште не е присутна во нивните листи за приоритет. Но затоа пак, жената е столб на семејството и нејзиниот преголем ангажман околу семејството не и дозволува поактивно да се ангажира во политичкиот живот.

## 2.11. Извршна и судска власт

Извршната и судската власт преставуваат втора односно трета власт, кои доаѓаат по законодавната власт.

Од сите досега четри формирани влади на Република Македонија, една беше експертска, и тоа првата, додека трите се политички. Во сите овие влади, бројот на жените министри е ист, односно не повеќе од 2 жени министри. Во мометалната Влада на Република Македонија, која преставува коалиција помеѓу три политички партии (СДСМ, СП и ПДП), од вкупно 20 министри само една е жена и тоа д-р Софија Тодорова, како министер за образование и физичка култура.

Исто така, треба да се спомене и фактот дека Владата на Република Македонија донесе одлука за формирање УНИТ (Управа) за жената, во рамките на Министерството за труд и социјална политика.

Што се однесува до судската власт, статистичките податоци за бројот на судиите сѐ уште не се обработени по полова структура, туку се глобални.

Колкав е бројот на адвокатите според половата припадност, тоа може да се види од следната табела:

| | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| **Адвокати** | 720 | 125 |
| **Адвокатски приправници** | 94 | 58 |

## 2.12. Заклучоци и препораки

Како што нагласивме и на почетокот, не може да се очекува од еден труд да се добијат одговори на сите прашања поврзани за еднаквоста меѓу половите. Потребна е длабока теориска и политичка студија за поврзаноста на концептот на демократијата, од една страна и барањата за еднаквост меѓу половите, од друга страна. Притоа, треба да се има предвид принципот на универзалноста во корелација со паритетната демократија.

Во актуелниот момент како достапни и пожелни, можеме да ги формулираме следните активности:

- Работа и ангажираност во насока на промена на процентот на застапеноста на жената, како во самите политички партии така, и во средствата за јавно информирање.

- Конципирање на стратешките рамки врз мултидисциплинарна основа, со јасна цел: да се постигне целосна интеграција на жената во политичкиот и јавниот живот. За реализирање на гореспомнатата цел потребно е мобилизирање и на мажите, и поставување на прашањето како заедничко за двата пола.

- На крајот треба да се нагласи дека, со поголемото вклучување на жената во политичкиот живот, се добива уште еден позитивен и хуман елемент, без кој промените во општеството остануваат крути и несензибилни.



***Литература:***


***H.Rendel**, "Women as political Actors.Legal Status and feminist issues", Grenoble, 1978*

***G.Vallance,** "Women candidates in the 1983. General election", Parliamentary affairs, 1984*

***S.L.Novosel,** "Žene politička manjina", Radničke novine, Zagreb, 1990*

*Статистички годишник на Република Македонија, 1994, 1995, Скопје*

*Group of specialists on Equality and Democracy, Council of Europe,Strasbourg, 1996*

*Collection of the Council of Europe's work relating to equality between women and men (1989-1992)*

*Women and gender in countries in transition: a UNICEF perspective, October,1994*

# 3. ЖЕНСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Трансформационите процеси кои ја зафатија Република Македонија кон крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години, и кои делуваа на политичко но и на социјално ниво, ги рефлектираа своите реперкусии и врз невладините организации. Евидентно е создадена поголема диверзификација во видовите на женските организации, и нивниот број прикажува зголемување. Се смета дека тој процес зема замав поради природната рефлексија врз здружувањето од страна на разнородните потреби и домени во кои жените чувствуваат потреба да се активираат во нивната борба за поголема партиципација во тековите на општествениот живот. Во понатамошното изложување на сегашната состојба, ќе се направи обид да се прикажат актуелните трендови и проблеми на женските НВО во светски размери, а потоа ќе се изложат домените и видовите на активност што ја остваруваат женските организации во Република Македонија.

## 3.1. Преглед на светските трендови

Меѓународната средба во Пекинг се смета за историска во поглед на прикажувањето на основните светски трендови во активностите на жените, домените на акција и методите на борба за остварување на своите цели, иако при дебатирањето околу различни прашања не недостасуваа несогласувањата и различноста во перцепирањето на постојните проблеми. Во таа смисла вкупно шест земји го нагласиле своето несогласување и косење меѓу сопствените религиозните правила и Конвенцијата на ОН во врска со обврските и правата на жената за брак и развод. Според податоците на Обединетите нации, жените претставуваат 70% од сиромашните на оваа планета и 66% од неписмените. Во Централна и Јужна Африка во бројката од 100.000 жени, 600 умираат при породувањето, додека тој број во развиените земји е 10. Жените имаат завземено само 10% од пратеничките места и 6% на министерски места. Факт е дека и покрај огромниот напредок што некои држави го оствариле

во поглед на женските права и нивната директна примена во практиката, сепак ниедна држава во светот сé уште не го исполнува процентот од 30% на женско присуство во органите на одлучување или на одлучувачки функции[1]. Жените често работат повеќе од мажите, но се послабо платени[2]. Истовремено, жените се многу подподложни на употреба на насилство врз нив: физичко насилство, силување, сексуална злоупотреба и присилна проституција[3]. Наспроти ова, како земји со најголема еднаквост меѓу половите се сметаат: Шведска, Финска, Норвешка, Данска и САД. Во смисла на меѓународно признавање на научните дострели од страна на жените, би требало да се истакне дека, на пример, Нобелова награда добиле 28 жени сметајќи од 1901 кога почнала доделувањето на оваа награда, која е дадена вкупно на 634 лица[4].

Пекиншката конференција претставуваше место каде беа презентирани бројните области во кои жените се ангажираат и се борат мошне активно во светски размери, акцентирајќи ги притоа проблемите кои се најакутни денес: заштита на природата и животната околина преку творештвото, употреба на јавните гласила, со нудење на професионална помош (хемичари, нуклеарни физичари и сл), преку заштита на ретки видови животни итн; ангажирана работа со деца кои биле изложени на радијација (Украина), правна заштита на деца кои биле жртви на насилство - од страна на жени адвокати специјализирани за тоа, организирање кампања против купување на стока произведена од деца-робови,

[1] *Со исклучок на Норвешка, каде жени-пратеници се 39,4%, додека во Италија 13%, во Франција 5,7%, а сега за првпат во Долниот дом на Британскиот Парламент има околу 100 жени пратеници. Жени претседатели се во следните земји: Ирска, Исланд, Никарагва и Шри Ланка. Жени премиери се: во Бангладеш, Санто Доминго, Норвешка, Пакистан, Шри Ланка (а порано и Турција). 50%:50% е половиот состав на Шведската влада.*

[2] *Во Шпанија, приходите на жените се еднакви на 23% од приходите на мажите. Во овој однос земјите на Источна Европа котираат многу подобро, со Полска на водечката позиција. Арапските земји имат само 17% официјално работно ангажирано женско население. Домашната (се разбира неплатена) работа дополнително се зголемува за 3,3 часа од жена која станува мајка.*

[3] *Проституцијата на малолетни девојчиња во Азија се проценува на околу 1 милион.*

[4] *12 од овие жени ја поделиле наградата со машко лице, додека самостојно 9 жени добиле награда за мир, 8 за литература, 5 за медицина, 4 за хемија и 2 за физика. Ниедна жена не била наградена од областа на економијата.*



основање на градинки за малтретирани деца, грижа за бездомни деца и деца без родители, акција за заштита на децата кои се жртви на искористување од порно-машинеријата; ангажман околу телесното и душевно здравје на жената во смисла на кампања за легализација на абортусот, кампања против обрезување на женското дете[5], промовирање на сексуалното образование и култура, заштита на жените трудници од употреба на определени лекарства, заштита на малтретирани жени, помош во смисла на самостојно економско опстојување на самохраните мајки; жените се активни и во борба за слобода и права во различни делови од светот: борба против локалните мафии[6], жени судијки што се борат во доменот на својата работа против мафијата или против традиционализмот во нивните општества[7], жени осудени на смрт заради нивните активности во заштитата на женските права (Алжир), жени активни во доменот на заштитата на човековите права[8], жени во борба против религиозната цензура во изразувањето (литературно, уметничко, научно). Женските невладини организации се активни во борбата против насилството и тоа: работа со деца и жени кои биле жртви на семејно насилство и нивно згрижување во специјални домови или установи, активирање на кампања за кривична одговорност на мажот кој извршил убиство врз женски член на семејството од сомневање на постоење на интимна врска (Либан), борба против силувањето и напаѓањето на жената и посебно женското дете, борба против проститу-

[5] *Се зборува за бројка од сто милиони жени обрежани во Африка и Азија.*

[6] *Во многу држави, жените се индиректни жртви на мафијата, со тоа што се убиваат машките членови од семејството.*

[7] *Овде би било интересно да се наведе примерот на жена адвокат која успеала да одбрани еден 14 годишен млад човек кој бил осуден на смрт заради бласфемија. До денешен ден таа живее под постојани закани на екстремистите во својата земја. Интересно е да се спомне и бројката од 11 милиони самоубиства или убиства за прашања врзани со миразот во Индија.*

[8] *Постојат примери во Аргентина и Кина, како и "Mother's Front" движење на мајките чии синови исчезнале како резултат на опресијата на режимот во нивната земја. Во овој домен би можела да се спомнат и жени кои јавно проговорија за "гревовите" на својата нација од минатото, поточно Јапонија кога се зборува за силувањето и злоупотребата на корејските жени од страна на јапонската војска за време на Втората светска војна, како и убивањето на затворениците од логорите во некои места во Германија кои масовно бегале по завршувањето на Втората светска војна.*

цијата[9]. Не смеат да се заборават и силувањата во Руанда и Босна, киднапирањата и силувањата на жените во Алжир кои не се однесуваат во согласност со религиозните норми; жените се присутни и во секојдневната борба за преживување: залагање за елементарно прехранување за сиромашните слоеви на населението во Јужна Америка, активности за производство на храна и мала парична помош за жените без семејство или сопруг како резултат на војната во Руанда, организација на производство на различни сувенири за обезбедување на приход на бивши проститутки (Азија). Активности во борба против СИДА-та: помош, следење и ресоцијализација на ризичните групи[10], психијатриски консултации за зависниците од дрога и вклучувањето на родителите кога се работи за помлади лица, борба во рамките на религиозните организации за употреба на презервативот; жените во борба за мир: жени активни во Босна и во Руанда, жени против мобилизацијата за Чеченија, активности на "Жените во црно"[11], борба против расизмот и ксенофобијата; борба за еднаквост: активности на жените адвокати и правници, посебно во земјите на исламскиот свет[12], жени во политиката, жени во високите црковни редови, борба против масовното абортирање на женски фетуси (Индија).

Женските права се и човекови права, што значи дека пристапот кон овој проблем се смета како едно интегрално право од корпусот на човековите права и слободи. Виенската Декларација (14-25 јуни 1993) вели дека "човековите права на жената и женското дете се неотуѓив, интегрален и нераскинлив дел од универзалните човекови права". Во рамките на Европската легислатива, може да се оцени дека позицијата на жената константно се подобруваше. Како резултат на тоа денес речиси и да нема легални бариери за вклучување на жената во сите домени и активности на општествениот

---

[9] *Морална, здравствена, финансиска и правна помош на малтретираните проститутки кои се обидуваат да го променат својот статус. Се формираат и специјални здруженија, како организацијата "Сојузништво против трговијата со жени". Во Јапонија веќе се основани организации кои се ангажираат за заштита на правата на гејшата.*

[10] *Поразно делува податокот дека 20% од населението на Гана е серопозитивно.*

[11] *Движење кое започна во Израел и се прошири во други земји како на пример во Србија (Антивоен центар).*

[12] *Еден од примерите би бил здобивање со правото за развод и при иницијатива на жената.*



живот. Освен легалната страна, се разбира дека постои и онаа која се применува во практиката, која не е секогаш во согласност со прокламираните принципи. Заедно со заштитата на женското достоинство и интегритет , би морало да се спомне и правото на избор од страна на жената на животниот стил и правото на репродукција, како лично фундаментално право на жената. Последното е ставено под прашање од страна на различни религиозни, здравствени, биотеички, идеолошки и други размислувања. Промените во оваа насока изискуваат инвестиција во сексуалното воспитување и системот на социјални и здравствени мерки.

### 3.2. Домашни женски невладини организации и нивното поле на активност

Следниот прилог претставува обид да се долови и прикаже опсегот на активности и поконкретното профилирање на женските невладини организации во Република Македонија. Сигурно дека подолу прикажаното претставува само еден дел од севкупниот ангажман на жените во нашата држава , и дека за да се добие комплетниот збир на податоци е потребна многу посеопфатна анализа, но сепак претставените организации ги зацртуваат основните контури на женските залагања и активности кои ја детерминираат денешната слика на националното женско движење.

**Организацијата на жените на Македонија** претставува една од помасовните женски организации во Републиката со седиште во Скопје. Според организационата структура таа претставува чадор организација која содржи 33 организации-членки кои се исто така регистрирани на локално ниво и го прифаќаат Статутот и програмата на **ОЖМ.** Зачленувањето и евиденцијата на индивидуалните или колективни членки се врши во единиците на локалната самоуправа или Организацијата на жените на градот Скопје или директно во ОЖМ. Членките се организираат на територијален принцип. ОЖ Скопје врши координација на активностите и работите од заеднички интерес за ОЖМ во единиците на локалната самоуправа во градот, што ги пренесуваат нивните собранија. Јавноста во работењето е предвидена да се остварува преку давање соопштенија и информации на средствата за јавно информирање, преку конференции за печат, собири и други форми. Организацијата е регистрирана во 1990 година и има сенационален опсег на

делување и членство кое се ангажира на доброволна основа. Последниот Статут датира од 1995 година[13]. Со своите програмски определби се обраќаат кон сите жени од сите националности, слоеви или место на живеење (село или град). Целите и задачите на организацијата се состојат во создавање поволни услови за обезбедување на организиран пристап за постојана општествена активност на жените на Република Македонија: следење, проучување и иницирање на прашања сврзани со подобрувањето и унапредувањето на општествено-економската и социјална положба на жените во Републиката; остварување на со Уставот обезбедените права и слободи, и во нивни рамки на правата на жената; обезбедување соодветна застапеност на жената во сите сфери на јавниот живот на државата; почитување на личноста и достоинството на жената, нејзиниот интегритет и целосната рамноправност на половите; ослободување од традиционалните сфаќања и било каков вид на потчинетост на жената; посебна заштита на жената според меѓународните документи; решавање на актуелните проблеми сврзани за положбата на жената и отстранување на сите облици на насилство над неа; создавање услови за стручно оспособување и работно ангажирање на жената во стопанството и другите дејности; афирмирање на културата на живеење на жената и семејството; социјална и здравствена едукација на жената, со посебен акцент на биолошката репродукција; толеранција и коегзистенција во меѓуетничките односи; создавање услови за спроведување на популационата политика, со почитување на правото на човекот за слободно одлучување за раѓање на децата; поддржување, поттикнување и вклучување во хуманитарни, мировни и граѓански иницијативи; иницирање и остварување на меѓународна соработка со невладини женски и други организации во Европа и светот.

Во структурата на ОЖМ постојат повеќе комисии кои работат на специфични полиња што се однесуваат на позицијата на жената. Во интерната структура на ОЖМ се основани две нови комисии: за жената на село и за деца и младинци. Комисијата за жената на село се заложува за

---

[13] *Во него е наведено дека ОЖМ е "Легитимен и правен наследник на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија, на Сојузот на женските друштва на Македонија, на Конференцијата за општествена положба и активност на жената на Македонија" (чл.2)*



претрес на законската регулатива и интервенција за нејзина надградба, од причина што во селски услови жените се главни извршители на работните обврски, но се второстепени во сопственоста и наследувањето на имотот. Исто така, потребно е создавање на поволни кредитни услови за отворање на фарми и погони каде ќе се вработуваат или кои ќе бидат водени од жени. Иницирани се и курсеви за пропагирање на производството и подготовката на здрава храна и современо водење на домаќинството, како и акција за производство на ракотворби и сувенири и посредување за нивниот пласман. Комисијата за здравство, деца и младина интересот го фокусира во борба против алкохолизмот, проституцијата и малолетничките бракови. Во овој домен спаѓа и грижата за изнемоштените и хендикепирани жени и деца и нивните семејства и акцијата за совладување на питачењето и злоупотреба на децата. Комисиите за граѓански права и за социјална политика иницираат надминување на расчекорот помеѓу традиционализмот и потценувачкиот однос кон жената. Се пројавува загриженост заради осипувањето на женските деца од процесот на образованието. Се работеше на решавање на прашања околу здравјето на жената, посебно околу болестите што неа најмногу ја погодуваат. Планирано е остварување на селски курсеви за намалување на смртноста кај доенчињата и здравствено едуцирање за контрацепција и опаѓање на абортусите. Акцентирана е и потребата за адекватен третман на пубертетот и менопаузата како специфични состојби во животот на жената, а на сличен начин и стресните состојби на индивидуата.

Во 1995 година остварени се консултации околу учеството на меѓународната конференција во Пекинг истата година. Собранието на ОЖМ го разгледало националниот извештај и завземал свои ставови, кои биле предадени на министерот Софија Тодорова. ОЖМ има формирано секција на жени новинари, се ангажира во промоцијата на млади таленти и реализираше трибина за законот за култура. На трибината организирана во мај 1996 година на тема "Жената во политичкиот живот на Република Македонија" се загатнаа мошне интересни прашања, бидејќи општа констатација е дека учеството на жената во политичкиот живот е на мошне ниско ниво, ако се земе предвид нејзиното учество во образованието и процесот на трудот. Со цел поаналитички да

се пристапи на проблемот, се поставија следните појдовни тези за разговор: колку жените самите придонесуваат за оваа состојба; колку мажите влијаат врз постојната ситуација; дали жената мора да биде политички активна единствено во рамки на партиите; каква е партиската политика околу приемот и ангажманот на жената; дали партиите фактички прават разлика во својата кадровска политика кон жените; кои се предностите, односно неповолностите, на жената да и се укаже доверба за индивидуалната функција во партијата, Собранието, владата и власта воопшто; дали политиката е сфера резервирана само за мажите и зошто; дали жената е предодредена пред се за родителските и семејните обврски; во што се состои еманципацијата на половите во современи услови; дали сме општество на традиции и какви; врз какви вредности почива воспитувањето на младите; што е пресудно за промена на политичката улога и позиција на жената. Во заклучокот е нагласено барањето за посоодветен третман на жената во политичкиот живот на Републиката.

Истата година е остварена тркалезна маса на тема "Третманот на жената во политичкиот живот" и предавања со две гостинки од Холандија кои се осврнаа на "Рамноправноста на жената" и "Семејството". Остварена е средба со генералниот координатор при ОН -Тиви Чанг, и како резултат на тоа востановена е "Програма на половите во развојот" според заклучоците од Пекиншката конференција. Остварено е учество на тркалезната маса "Жените меѓу етничката и половата припадност", во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Центар за етнички односи. Подготвени беа амандмани врз измените на Законот за здравствена заштита што е пласиран во Собранието преку пратеникот Николина Трајановска. На овој начин се започнува и поинтензивно лобирање за прашања кои се од интерес на жените. Организирана е јавна трибина во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка и Министерството за правда - по повод потребата од нов закон за невладино организирање. Реализирани се серија информативни предавања за наркоманијата. Договорени се семинари за оспособување на жената за почетнички и врвен бизнис кои според договорот со Австралиската амбасада ќе се одржат во февруари во три центри во земјата. Континуирано се остварува серија на "Дружења на жените на Македонија", со просечно по една средба месечно, кои се мошне корисни,



бидејќи на овој начин организациите се запознаваат меѓусебно за активностите што се во тек. По повод празникот 8-ми март промовирана е книгата што излезе по повод 50-годишнината на АФЖ "Општествената положба на жените во Македонија од 1943 та до 1945-та" од Др Вера Весковиќ-Вангели. Во општинските организации се дистрибуирани основите за учеството на ОЖМ на локалните избори.

Активностите на ОЖМ во изминатиот период беа концентрирани и на некои организациони прашања околу усогласувањето на општинските статути со статутот на ОЖМ, потоа потребата од стабилизирање на евиденцијата на своето членство од страна на секоја организација (архивирани пристапници), конституирање на собранија кај оние членки кои сè уште не го сториле тоа, доекипирање на претседателствата со мобилни и креативни луѓе, подмладување на членството, донесување на програми за работа за наредниот период, остварување соработка со органите на локалната самоуправа, запознавање на јавноста со активностите и сл. Во рамките на организацијата се регистрирани четири нови организации на жени во скопските општини Чаир, Кисела Вода, Центар и Карпош, а ОЖ Гази Баба пристапи во ОЖМ. Следниот чекор е регистрирање на ОЖ на Скопје, како дел од статутарно предвидената структура. Иницирано е регистрирање на организации во Неготино, Дебар, Гевгелија и Пробиштип.

ОЖМ има во план ,со оглед на тоа дека голем број на жени остануваат без работа, по пат на анкети да се направи увид во положбата, и да се интензивира интервенцијата кај надлежните за повторно работно ангажирање, за материјално помагање на семејствата во кои двајцата сопружници се невработени, или каде без работа останува самохрана мајка[14], со разни акции и во содејство со соодветни социјално-хуманитарни организации да се работи на олеснувањето на животот на стечајните работници. Во овој склоп би спаѓала и грижата за третманот на жените во работниот процес, во користењето и подобрувањето на законските услови за заштита на работа, за користењето на породилното отсуство и негата на децата, и пропагирање за избор на жени на работоводни и раководни места.

---

[14] *Во соработка со Здружението за самохрани мајки*

**"Сојуз на Организациите на жените на Македонија"** е регистриран во 1994 година и е сочинет од 30 колективни членки кои се вклучени во нетворк и меѓусебно активно комуницираат. Организацијата се обраќа на жени од сите слоеви и етничка припадност, така што како членки се јавуваат организации на жени, здруженија на самохрани мајки, културно-хуманитарни организации, здруженија на жени заради зачувување на националната култура и други здруженија според интерес. СОЖМ се гледа себеси како фактор на поврзување на организациите-членки при размената на информации, што се остварува на редовни заеднички седници. Во хуманитарните спаѓа "Мајка" од Куманово, "Бисера" е културно-хуманитарна од Охрид, во рамки на скопската организација спаѓа здружението на самохрани мајки "Феникс", потоа здружението на самохраните мајки од Штип итн. Во организации со здружување по национална основа спаѓаат ромската организација "Есма" од Скопје, "Даја" од Куманово, здруженијата на жени Србинки и Влаинки, и активот во рамки на Скопската организација од село Кондово кои се Албанки. Во интересните организации во склоп на СОЖМ спаѓаат СОС телефонот, жените со универзитетски дипломи, жените бизнисмени и менаџерки, жените од село, жените-мигрантки и жени во третата доба. Членките на СОЖМ учествувале во Декларацијата за мир за Сарајево 1991, и откако војната започнала формиран е Одбор на родители за повлекување на македонските војници од конфликтните жаришта. Активностите на организациите-членки се одвивале од 1990-94, а се регистрирани поодделно во периодот 1991-95. Сојузот нема професионално вработени жени и остварува редовни средби еднаш неделно. Во Статутот се истакнува дека организацијата постои за: да работи на развитокот и заштитата на жената и нејзините права и еднаквоста меѓу половите; да гради долготрајни односи на соработка со организации кои имаат исти цели и со организации кои имаат за цел зачувување на мирот, промоција на човековите права и натамошен развиток на цивилното општество, како во земјата така и во светот; следење, спроведување и применување на меѓународните конвенции и декларации за заштита на жената и нејзините права; да го посвети и побуди јавното мислење во поглед на нееднаквостите кои им се наметнати на жените преку законот, практиката и обичаите со ширење на информации за



нивната сегашна положба; учество во лобирањето; да изгради сопствена структура која ќе ги подготвува проектите за развој и осамостојување на жените и истите да ги реализира. Како задачи се детерминирани: остварување на правата утврдени во Уставот и законите и застапеноста на жените во сите сфери на општествено делување и одлучување; следење, проучување и иницирање на прашања за статусот на жените; поттикнување на меѓународната размена на информации во врска со стратегиите за надминување на неповолната положба, дискриминацијата и потчинетоста; заштита на достоинството, интегритетот на жената и елиминирање на секаков вид насилство врз неа; создавање на услови за поголемо работно ангажирање во сите дејности; формирање на интересни групи; организирање мировни, еколошки и хуманитарни акции; унапредување на заштитата на семејството и превземање на мерки за здравствена и социјална заштита на жената, со акцент на нејзината улога во биолошката репродукција, со право на одлучување за раѓањето на децата; превземање активности за здружување со НВО од светот; афирмирање на културата на живеењето, презентирање на местото и улогата на жената во средствата за јавно информирање во македонската и меѓународната јавност; да расправа и влијае во одлучувањето за документи и законски акти со кои се уредува положбата на жената и семејството; да се залага за мир, пацифизам, ненасилство и елиминирање на секој вид на расна, верска, национална и полова дискриминација. Работата на СОЖМ не се доживува како канцелариска, туку како работа на теренот - преку собирање информации и искуства. Меѓу активностите во 1995 спаѓа и промоцијата на асоцијацијата на селската жена[15], чија основна идеја е производство, подготовка и дистрибуција на здрава храна; развивање на селски туризам, екологија и култура; производство и дистрибуција на оригинални национални ракотворби, и квалитативно повисок начин на живот во селското семејство и средина. Исто така, и жени од различни професии го формираа здружението на бизнис жените со цел да се промовира развитокот на мали бизниси под услови на транзиционата економија каде жените се во понеповолна состојба, имајќи предвид дека почесто остануваат без работа. Идејата е за основање на мали и средни

[15] *Која организација досега била под здруженијата на градските организации*

производно-услужни претпријатија, производство на здрава храна, отворање на нови работни места за хендикепираните лица и сл. Новоформираната група на жени интелектуалки на Република Македонија, приложи барање да биде примена во Меѓународната федерација на жени со универзитетска диплома. Посебни проекти се планираат за млади мајки и/или возрасни жени. Се промовирала и Асоцијацијата на жени иселенички[16]. Остварена е соработка со соседните држави, со сите бивши Југословенски републики и со странство. СОЖМ има свое гласило - Културно информативно списание на СОЖМ, со што е даден акцент на информирањето, придружено со трибини и семинари на интересни теми: подигнување на свеста на жената за НВО, здравствена едукација, жената во бизнисот и селото, едукативни семинари за развивање на работоспособноста. Освен тоа, остварени се и еколошки проекти во Пехчево, Дојран и Охрид (пошумување на кејот). СОЖМ учествувала на меѓународни семинари, на светската конференција во Пекинг, на Балканскиот форум "Жените за Балканот во 2000 та година" во Атина и организира хуманитарно-продажни "Тортијади" и "Соленијади", изложби и концерти.

**СОС телефонот** е мошне интересен проект кој се базира врз доброволна работа на членките во обидот да се подобри животот на жената и да се развие нејзината личност и дигнитет, способноста самостојно да опстојува, и да биде слободна од секаков вид насилство и дискриминација. Со СОС телефонот конечно отворено започна да се зборува за семејното насилство. Најчестите јавувања се од жени на возраст од 33-55 години, млади брачни парови од 20-35 години и девојчиња од 15-18 години. Нешто помалку се јавуваат жени над 60 годишна возраст, и се работи најчесто за лица кои се стари и изнемоштени, кои бараат сместување во старечки домови. Се случува да се јават и возрасни мажи кои бараат совети за членови од потесното семејство. Најчестите јавувања се поради насилство над жените и децата од страна на сопругот, односно таткото - поради алкохолизираност, потоа јавувањата од жени и деца жртви на насилство од разградени семејства, од жени и мајки кои се судруваат со егзистенцијално-економски проблеми, мајки кои бараат помош бидејќи нивните деца се зависници од алкохол

[16] *Од земјите во Западна Европа, САД и Австралија*



или дрога и бараат пмош околу нивно лекување, а понекогаш се јавуваат и самите зависници. Со купувањето на стан, тимот успеа да обезбеди перманентен простор за работа. Понатамошното развивање на идејата е да се обезбеди прифатилиште за жени-жртви на насилство.

Во рамките на членките на СОЖМ постои и волонтерска добротворна социјално-хуманитарна организација за грижа, нега и заштита на деца и возрасни лица ***"Мајка"*** од Куманово , регистрирана во 1992. Таа се грижи за руралната и урбаната популација од 20-75 години, за домаќинки, пензионерки, невработени жени, отпуштени работници, самохрани мајки, и сл. Во таа смисла целите се: пружање на материјална и друга помош во згрижување на унесреќени, сиромашни, изнемоштени возрасни лица и деца; основа хуманитарни установи за материјално загрозени, негува немоќни лица, инвалиди и болни; собира облека, обувки, храна, книги и други материјални добра за унесреќените; посетува и пружа помош во болници, детски и старачки домови и сл. Во тие рамки се доделуваат празнични подароци и се остварува хуманитарна помош[17].

**"Здружение на самохрани мајки-Скопје"** е регистрирано во 1991 година и поседува бројно членство кое е активно на доброволна основа. Членовите сакаат да соработуваат со сите слоеви на популацијата, но посебно со жените-самохрани мајки кои имаат потреба за социјална и хуманитарна помош и поддршка, и со невработените жени. Здружението има потреба од социјални, економски и други видови хуманитарна помош, бесплатна легална помош (развод, алиментација, проблеми со сместување на жената и заштита на нејзините права). Преку оваа организација жените остваруваат меѓусебна комуникација и дружење за размена на мислења, добиваат психо-консултантски совети и имаат образовни активности што се однесуваат на децата и семејството, добиваат донации за училишни книги и облека и сл. Организацијата има осум ограноци[18].

**"Ромска организација на жени од РМ"** регистрирана во 1993, која работи и се обраќа на сите жени од 16-60 годишна возраст, на домаќинки, и на невработени. Целите се

[17] *За 170 дечиња во облека, обувки, училишен прибор и играчки.*
[18] *Во Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Струмица, Штип, Македонски Брод, Делчево, и можно е отворање на нови.*

состојат во еманципација на ромската жена, во заштита и солидарност меѓу самохраните мајки, старите, сирачињата и хендикепираните деца. ***Здружение на жените Ромки" Есма"*** - има за цел да се залага за еманципација на ромската жена, и успешно да ги имплементира планираните проектни цели.

**"Здружение на жените Влаинки"** од Скопје, регистрирано 1994 година , им се обраќа на сите жени во Републиката. Во целите се вбројуваат: акција за зачувување и негување на традицијата и културата на Влашката националност во Македонија, пренесување на аромaнската култура, фолклор и традиција, заштита и промоција на женските права, хуманитарни активности, еманципација и соработка со сите жени во Републиката.

**"Здружение на жените Србинки во Република Македонија"** е регистрирано во март 1996. Во своите редови собира жени припаднички на српската националност и досега својата активност ја насочувало кон акции од хуманитарен карактер. Програмата за 1996 опфаќа: организирање хуманитарна помош и соработка со хуманитарните организации, одржување на мали изложби, средби и разговори со познати уметници, новинари, писатели и лекари. Статутарните цели се состојат во: унапредување на општествено-економската, културната и рамноправната положба на жените, остварување и заштита на правата на жените утврдени со Уставот и меѓународните акти, афирмирање на културата на живеењето и исхраната, мир, ненасилство и елиминирање на секаков вид политичка, расна, верска нетрпеливост, покренување иницијативи за доброволно делување за помош на неволниците и болните без оглед на бојата на кожата, нацијата, верата и политичките убедувања.

**"Здружение на жени за хуманитарна и културна активност на град Охрид"** регистрирано во 1995, остварува хуманитарни, еколошки, културни активности, лобирање и соработка со НВО. Тие организирале новогодишни пакетчиња за Специјалната детска болница и болницата за костозглобни заболувања, како и торта за одделението за геријатрија.

"**Сојуз на жената Албанка во Македонија".** Здружението е регистрирано во 1992 година во форма на сојуз кој има околу 11 огранoци[19], заедно со новоотворениот во

[19] *Скопје, Охрид, Струга, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Куманово, Битола и Крушево*



Преспа. Сите огранoци имаат идентичен статут, се дополнуваат меѓусебно и соработуваат, но се независни во активностите. Цели на организацијата се: еманципација на жената Албанка во сите области од животот; активно учество на жената Албанка во политичкиот живот; заштита на здравјето на жената и нејзините деца; потполна рамноправност на жената со мажот; создавање услови за олеснување на работата на жената Албанка во воспитувањето на детето, опфаќање на што поголем број деца во предучилишните институции, како значаен услов за вработување и сестрана еманципација на жената; оргнизирање на курсеви за сузбивање на аналфабетизмот кај жената Албанка; професионално образование на жената Албанка; подигнување на културниот стандард на жената Албанка, степенот на културниот живот на семејството и продирање на сè што е напредно и прогресивно во албанското семејство; соработка со сите слични асоцијации во Републиката во рамките на својата програма. Во чл.9 ст.2 е предвидено дека може да се зачленуваат и жени од друга националност кои го прифаќаат Статутот и програмата. Собранието е конституирано врз пропорционален принцип според бројот на членовите од секој огранок, со одлука на претседателството и според расположливата евиденција на членството. Предвидена е[20] соработка со организации во земјата и надвор од неа чие мото на ангажирање е прогресот, хуманоста и демократијата. Заложувањата се насочени кон жените што не се општествено и работно интегрирани, бидејќи се смета дека плурализмот не ја измени положбата на жената Албанка. Организацијата посебно го има насочено својот интерес кон образованието на женското дете, увидувајќи дека постои осипување на посетеноста на девојчињата во наставата во основно училиште[21]. Анализирајќи го образовниот тренд, забележливо е дека од 1945 постоел еден посилен замав кон него, но подоцна следи стагнација. Тој процес во селските средини е уште поакутен, резултирајќи во перпетуирањето на неписме-

[20] *Чл. 28*

[21] *Како причини би можеле да се наведат различни: економската криза (потреба од купување на облека, обувки, училишни материјал), детето треба да се грижи за своите домашни заради потреба од дополнителна работна рака во куќата и традиционални причини во смисла на пoограничено движење на женското дете во "надворешниот" свет. За селските училишта, осипувањето е, исто така, во нивата.*

носта на жената. Се апелира на имплементација на построги казнени мерки од страна на државата, посебно со оглед на тоа дека постои законска обврска за завршување на основното училиште. Во смисла на подигнувањето на образовното ниво на албанската жена, САЖМ иницирала акција за описменување, со која првично е направена евиденција на бројот на жените на кои им треба курс за описменување, за да се овозможи добивање на свидетелства. Забележан е зголемен интерес за дошколување, посебно на оние жени кои воопшто не стигнале до петто одделение. Во рамките на образовните иницијативи, САЖМ ги испитува можностите за формирање на паралелка за хендикепирани деца. Во Гостивар излезе и првото женско списание на албански јазик, но поради недостиг на средства не е продолжено со понатамошното објавување.

Прв самостоен проект на скопскиот и тетовскиот огранок е проектот за здравствена едукација и сексуално образование[22]. Идејата е иницирана од евидентната потреба од повисока здравствена култура и почесто посетување на лекар со цел отворено да се разговара за сопствените здравствени проблеми. Проектот опфатил предавања во врска со здравствената едукација, за традиционално запоставени жени заради конзервативизмот на нивните локални заедници, за жени кои немаат или имаат низок степен на образование. Целта се состоела во овозможување целната група да ја разбере основната поента за здравствената едукација и да се здобие со социјална самосвест и самодоверба. Подготвени биле 10 брошури на албански јазик кои третирале различни прашања од гинеколошкиот домен прикажани на популарен начин. Тие биле дистрибуирани за време на предавањата организирани со присуство на медицинско лице, и интересот бил навистина огромен. Во соработка со ЕСЕ и со Заводот за унапредување на домаќинството се реализирале курсеви за шиење за жени кои живеат во селските средини. Оваа иницијатива претставува еден од обидите за економско осамостојување на жената. Согласно со новите економски услови, постои можност жената да работи и приватно, што претставува шанса таа да излегува надвор од најтесниот семеен круг. За случаи кога жената не може да постигне воедно да одговори на работните и

[22] *Остварен преку Македонскиот центар за меѓународна соработка.*



семејните обврски, Сојузот на жената Албанка им помага преку организирање на дополнителен платен ангажман на наставен кадар (учителки) кои водат сметка и работат со децата додека родителите се зафатени со работните обврски.

Посебно забележливи се активностите на **Хуманитарната асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ХА-ЕСЕ)** чии долгорочни цели се: зголемување на знаењето на жената за здравјето, телото и личната хигиена; зголемување на свеста и соработка со женските организации, со цел да покажат потреба за промената на концептот на акција од хуманитарни кон развојни проекти; зголемување на свеста меѓу жените дека тие можат активно да учествуваат во подобрувањето на нивната позиција во општеството. Оваа организација е релативно нова и млада, со оглед на возраста на нејзините членки. Иницијалната идеја за заедничка работа била од проектна природа, но подготовките за регистрација започнале од 1994 година, за успешно да завршат во февруари 1995 кога ЕСЕ се регистрира како автономно здружение на граѓани. Приоритетите на ЕСЕ се состојат првенствено во градење на сопствен капацитет и структура, што ќе претставува солиден фундамент за постручно извршување на зацртаните цели. Во нив спаѓа и едукацијата на женското дете, особено кај селската популација, која во последните неколку години е посебно запоставена. Ова појава се воочи при остварувањето на другите проектни активности (здравствената едукација и курсевите за шиење). Во однос на човековите права, оваа група смета дека жените ги губат позитивните достигнувања кои ги имале од претходниот систем, и се соочуваат со проблемот на традицијата како прашање кое ги намалува нивните права. Во транзициониот период, жените се тие кои се најнепривилегирани и тие го губат својот интегритет, бидејќи се првите кои се отпуштаат од работа и не се доволно претставени во одлучувачките структури. Намалувањето на економската моќ на семејството и нестабилноста на секојдневниот живот доведоа до просто прифаќање на традиционалниот начин на живот кој одзема многу од стекнатите права на жената. Од таа причина, став е дека постои опасност во новата правна регулатива специфичноста на женските потреби да биде помалку земена во обзир, бидејќи реалната состојба воопшто

не се отсликува на официјално ниво, ниту пак некоја организација има статистички податоци за состојбите во однос на половата структура. Програмските линии на ЕСЕ почетно биле многу широки и опфаќале: здравствена едукација; работа со жената од село; програми за вработување на жените; правна заштита на жените; информациони активности; жените и медиумите; жените и образованието. Подоцна таа е поконкретно фокусирана на жени од различна националност и жени од село како специфични групи. Претходниот, премногу дисперзиран состав на организацијата, веќе е успешно трансформиран во малубројна, но ефикасна група на обучени млади жени.

Иницијалниот проект кој се оствари со финансиска помош на Екуменскиот фонд, дадени преку Македонскиот центар за меѓународна соработка[23], се состоеше во курсеви за шиење за 11 села во Републиката. Курсевите за шиење опфатија 11 села во тотал, главно албански. Во 5 села ќе продолжи програмата за здравствената едукација со истата група со која се работело. Здравствената едукација е повеќе фокусирана на хуманата репродукција.Таа беше остварена во период од два месеца за секој циклус (вкупно 12 месеца) и покри 15 села со мешовит етнички состав. Во склоп на предавањата за репродуктивното здравје на жените биле дадени и информации за сидата и за нејзина превенција. Овие курсеви се одлична можност да се запознае состојбата и проблемите на жените на село денес и како и околностите што ја прават нивната ситуација уште полоша во периодот на транзиција[24]. Врз база на теренски добиеното искуство може да создаде и датотека за едукацијата и социјалната позиција на жените во селото. Од септември 1994 до декември 1995 реализирана е дистрибуција на училишни книги за деца од ромска националност; сексуална едукација за девојчиња од Шуто Оризари; поддршка на ромската организација ДАЈА - преку обезбедување на место за средување и состаноци. Проектите претставуваа солиден извор на податоци за тековната состојба со жените. Падот на стандардот се рефлектираше негативно врз едукацијата на женското дете,

[23] *Подоцна Catholic Releif Service ги надополнил тие средства за уште три села.*

[24] *Досега опфатени се 60 жени, а во текот на 1997 година 160 жени ќе земат учество во проектот во селата близу Тетово и Гостивар.*



стимулиран е концептот на рано стапување во брак, и постои недостиг на здравствена информација за жената. Таа нема познавања за видовите на контрацепција кои постојат, или пак, се служи со неадекватни (на пр. абортус).

Спецификата на ЕСЕ е дека се обидува да прерасне во група за лобирање (кампања) и да ги фокусира своите активности на различните сфери од интерес на жената, што е комплетно нов концепт за Републиката. Членките на ЕСЕ се особено активни во покривање на легалната страна на женските проблеми и потреби, и во иницијативата за промени во одредбите во корист на жената ,како и стратегија на лобирањето за институционализирање на сугерираните промени. Еволуирањето кон лобирачка група се планира да ја опфати половата обука, со прв чекор кон обука на обучувачите и посетување на странски семинари. Се очекува едукацијата да ја подобри техничката умешност на екипата, која е сочинета од: курсеви по административно работење (административно работење во канцеларија, регистрирање на пошта, систем на документирање); курсеви по финансиско работење (со посебен акцент на финансиското планирање); курсеви по англиски јазик; планирање, извештаи и евалуација на проекти. Во 1996 година активноста е фокусирана на кампања околу легалните аспекти во статусот на жените, и за таа цел се организирани конференции за лобирање и правни конференции и тоа: за семејно насилство - прв и втор дел; за дискриминација при вработување (со евалуација на овие три средби); кривично право, со посебен осврт на силувањето; проблемот на домашното насилство во соработка со Minesota Advocates; дополнително ќе се одржат курсеви за здравствена заштита на жената и детето; прашања врзани со семејното право; лобирање. *"Целта е да се направи споредба помеѓу постоечкиот и посакуваниот систем на правни одредби кои заштитуваат одредени права на жената, како и да се презентираат правните одредби кои веќе постојат во законодавството на други заедници".* Разработени се целите на лобирањето, тактиката и временската стратегија во промовирање на сопствените интереси и нивното преточување во готови предлог-норми, методите како да се постигне целта[25]. Начинот на работа е замислен со претходно

[25] *Советите се: жените да знаат точно што сакаат; да знаат точно каде се вклопуваат во големата слика; да станат свесни за нивните права; да ја*

толкување и објаснување на македонските закони од страна на домашно стручно лице, потоа следи компарација со светските искуства претставени од странско стручно лице, како и вежба за работа на конкретен проблем (пример). Во склопот на овие активности се одржа семинар на тема "Лобирање" со предавач од САД[26], кој зборуваше за лобирањето како *"севкупност на акциите, со цел да се влијае врз властите во однос на правата и еднаквоста на жените, како и организирање на женските организации за заедничко дејствување и мобилизирање на жени кои делуваат индивидуално"*. Иницијативата потекнува од секојдневната практика, каде имаме бројни случаи на неприменување на регулативата која е од интерес на жените, промени во регулативата кои можат да анулираат некои позитивни решенија од изминатата практика, или домени кои не се попрецизно нормативно разработени. Учесничките беа упатени во умешноста на подготвување на план и постигнување меѓусебна согласност, осмислување на стратегии на соработка и комуникација особено со средствата за јавно информирање. Потребно е да се стимулира формирањето на лоби групи на жени адвокати кои ќе работат на постојната регулатива од аспект на заштита на женските права и шансата за позитивни промени во регулативата. Со тоа се стимулира партиципирањето на женските консултациони групи кои можат да учествуваат и влијаат за прифаќање на нови закони. Во рамките на горенаведените иницијативи во 1997 година ЕСЕ објави сумариум на досегашните искуства базирани врз тематските семинари, проследени со осврти на домашната ситуација, компаративно изложени со решенијата во САД.

**"Даја"** претставува една од ромските женски организации со седиште во Куманово, која успешно соработувала со ЕСЕ и со други женски организации на повеќе заеднички проекти. Како континуитет на искуството од 1995 година, се очекува да продолжи соработката за проектите од здравствената едукација. "Даја" има способности и се докажа дека

*планираат стратегијата; да бараат истомисленици и да ги негуваат односите со нив; да изградат чувство на добра волја; да си ги извршуваат задачите; да не ја заобиколуваат вистината; да се подготват за тешка игра; да се научат кога е можен компромис, да се заблагодарат, да се припремаат однапред за наредната сесија, и да знаат дека никогаш не е комлетно готово - секогаш постои наредна сесија.*

[26] *Др. Марта Бурк, политички психолог*



е многу сериозен партнер и организација со добро воспоставена структура. Според нивната програма, приоритет е даден на следните насоки: создавање на поволни услови и организирање настап на жената Ромка во сите општествени активности и нејзина целосна културна општествена и економска еменципација; поаѓајќи од основните длабоко хумани определби, организацијата ќе контактира и соработува со сите хуманитарни и женски организации и асоцијации во земјата и светот; редовно, по можност, ќе набавува и ќе дели хуманитарна помош на загрозени лица; ќе се бори за отстранување на сите видови дискриминација на жената Ромка воопшто; ќе создава услови за поголемо работно ангажирање на жената Ромка во стопанството и другите дејности; ќе организира дејствување за унапредување на општествената заштита на семејството[27]; ќе обезбедува услови за спроведување на мерки на активна здравствена и социјална заштита на жената, со акцент на нејзината улога во биолошката репродукција и правото на жената соодветно да одлучува за раѓањето на деца, како и отстранување на сите облици на насилство над жената; ќе организира и врши стопанска и друга дејност; ќе се залага за целосно почитување на личноста на жената, нејзиниот интегритет и целосна рамноправност на половите и ослободување од традиционалните стеги; ќе организира разни предавања од областа на културата, здравството, планирањето на семејството, контрацепција, нега на болни, воспитување на деца, кулинарство и друго; ќе организира хуманитарни акции и ќе стимулира меѓусебно дружење.

Со оглед на постоењето на висока свест и иницијативност меѓу членките за менување на посебно тешката социјална положба во која живеат Ромите, "Даја" покренува иницијатива за потрајно решавање на проблемот, со план за создавање на производни погони каде Ромите ќе се вработат и ќе егзистираат со свој труд, во согласност со сите права

[27] *ДАЈА ги дава следните податоци за положбата на Ромите во Куманово: тие се од 8 до 10% од населението во Куманово; просек на семејство е по 5 члена; 18,8 жители на еден вработен; од 721 дете во училишна возраст одат 258 деца што во проценти изнесува 35,7% или на училиште оди секое трето дете кое во погорните одделенија го напушта училиштето и овој број се сведува на околу 10% кои завршуваат осумгодишно училиште; има над 200 семејства надвор од земјата како азиланти во Западните земји (поточно околу 1000 жители).*

што произлегуваат од работниот однос и позитивните закони на Република Македонија. Од големо значење е аспектот на развојноста на проектните идеи кои антиципираат дека, привремената помош во храна и облека не го решава постојниот проблем. Исто така, во 1994 година "Даја" иницирала проект за изградба на објекти финансирани од странски хуманитарни организации. Тие биле повикани на заеднички состанок, со цел да се најде решение за настраданите од поплавите што се случија во Куманово. Активистките успеале со разговори во општината да обезбедат локација за изградба на станбена зграда со 20 до 25 стана, во кои би се сместиле загрозените семејства[28]. Странските организации се понудија да помогнат за овој проект кој вкупно ќе чини околу 1 милион марки. Преку новиот пристап се смета дека и хендикепираните и бездомниците ќе можат да добијат пристојни живеалишта и ќе им се реши станбеното прашање, со што ќе се вбројат во редот на цивилизираните граѓани, со достоинство и ќе припаѓаат на човечкиот род.

"**Друштвото на пријателство на турската жена на Македонија"** е основано во Скопје, во 1995 година. Ограноците се во процес на востановување, но соработката со другите градови е присутна и спонтана. Целите и задачите на ова здружение се општествени, економски, културни и хуманитарни и во него членуваат турските жени во Републиката заради остварување на своите заеднички, посебни и поединечни интереси, пред се за афирмацијата и еманципацијата на жените припаднички на турската националност. Поконкретно, друштвото се заложува за интересно организирање на турската жена и води грижа за местото и состојбата на турската жена во општеството, како и за подобрување на истите; се залага за остварувањето на уставните права на жената воопшто, а посебно и на жената од турска националност; подигнување на образовното и културното ниво на турската жена; води грижа за остварување на правата на жената предвидени со меѓународните акти ,како и создавање услови за подобрување на состојбата на жената врз основа на истите документи; се бори за што поголемо вклучување на жената во сите сфери на општеството, а посебно во економскиот живот, со намера да се обезбеди поголемо учество на турската жена во оваа сфера на општественото живеење;

[28] *Вкупно 125 лица*



вложува напори за поголема присутност на жената во производните процеси и нејзиното вработување - со цел да се подобрат материјалните услови на жената и семејството; обезбедува, собира и дели хуманитарна помош на социјално загрозени лица и семејства; води грижа за самохрани мајки, малолетни лица, напуштени деца, деца без родители; води грижа за изнемоштени, болни и стари лица; организира хуманитарни акции; се грижи за зачувување на културните особености, обичаи и традиции на турската националност; организира отворени трибини, предавања, излагања од сферата на науката, културата и општеството - со цел за пошироко информирање и издигнување на турската жена; се бори против сите шовинистички, национални и верски нетрпеливости, придонесувајќи за мирот и благосостојбата во сопствените средини и пошироко во општеството; соработува со исти или слични организации, друштва и други асоцијации во земјата и во странство, обрнувајќи посебно внимание на соработката со Република Турција. Досегашните активности се повеќе ориентирани кон хуманитарните активности: собирање на облека и друг вид на помош за сиромашни лица, изложба и продажба на ракотворби, организирање на предавање за дрогата и средби со Виолета Томовска, претседателка на "Животна искра", а одбележана е и годишнината од смртта на Кемал Ататурк.

**"Здружение на жените заболени од малигни заболувања"** е регистрирано во 1992 година и неговите цели се: популаризација на постојни програми за рано и навремено дијагностицирање и откривање на болеста, редовно спроведување на ПАП тестот, широка популаризација на превенција на болеста (здрава исхрана, здрав живот, непушење, повисока здравствена култура). Активностите за реализација на овие цели се организирање на семинари, концерти, аукции, публикување на книги и дистрибуција на информации.

**"Животна искра"** претставува организација која е основана во 1993 година и активно се заложува во борба против малигните заболувања[29]. Основна цел е да им се помогне на жените полесно да ја совладаат тешката болест, меѓусебно да се дружат и да разменуваат искуства.

[29] *Особен белег на оваа организација и дава Г-ѓа Виолета Томовска која, со својата личност, идеи и напори, дава двигателна сила за целиот организационен тим и нејзините членки.*

Друштвото има задача да учествува во организирање на едукација на своите членки од области што самите ќе ги предложат зависно од нивните интереси, да соработува со слични друштва и организации на територијата на Република Македонија и надвор од неа. Истовремено, се следат современите достигнувања во лекувањето и рехабилитацијата на малигните болни, и се прават обиди со материјална помош да се учествува во набавка на лекови, протези и други помагала. Членови на ова здружение можат да бидат сите жени, а посебно оние што се лекувани од малигни заболувања на дојката. Активностите се состојат во организирање на разни хуманитарни акции и концерти. Од средствата добиени од еден од тие концерти кои беа наменети за организацијата, беа купени лекови за потребите на болните. Дел од хуманитарните концерти беа наменети и за децата. Определени случаи биле помогнати со директна соработка со "Женската федерација за мир" од Јапонија. Исто така, се организираат предавања и вежби за душевна рамнотежа на болните жени кои запаѓаат во кризи поради стравот од болеста, со помош на лекар или психијатар или онколог. Се прават обиди за помош во ублажување на последиците во физичкиот изглед на болните кои примаат радио и хемотерапија со пронаоѓање на привремени протези за дојка, перики и козметички средства и соодветна литература за нивно користење. Се одржуваат предавања за здрава исхрана и подготвување на истата преку презентации од компетентни предавачи во рамките на циклусот за здрава исхрана, макробиотичка исхрана и подготвување и дегустација на истата. Се остваруваат и предавања и вежби под стручно водство на физиотерапевт за подобрување на психофизичката состојба на членките, предавања за лекување со акупунктура, вежби тај-чи-чуан и чикум. Средбите на членовите се организираат неделно и се од активен карактер (предавања на кои присуствуваат специјалисти, лекари). Заеднички се посетуваат претстави и други културни настани. Двапати годишно се оди на излет, се одбележува Новата Година, 8-ми март, и се реализира средба пред годишниот одмор. Се остваруваат посети по болници на оперираните и на децата пред Нова година на детско-хематолошкиот оддел (дарување на играчки и сл). Се соработува со лекари, козметичари или било кои други професионални лица кои би можеле да бидат корисни за оваа болест.



Во 1995 година е формиран фонд за деца кои се лекуваат од малигни заболувања, чиј покровител е г-ѓа Нада Глигорова. Во склопот на тие активности е издадена и детската боенка за хемиотерапија. МЦМС помогна за ова издавање и книгите се подарени на детската клиника за хематологија, и се организирала детска изложба на цртежите на пациентите. Истата година е организирана аукција на слики и уметнички дела од познати македонски автори кои без никаков надомест за тој повод подарија по едно свое дело. Со помош на донација на Македонците кои живеат во Велика Британија "Животна Искра" купила фрижидер за чување на храна во детскиот оддел на клиниката и сега се прават напори да се преуреди собата за дневен престој во детскиот оддел на болницата. Проектот за превентива од малигните заболувања започнал пред две години, и во негови рамки се издадоа пет брошури ("Како да ги прегледувате вашите дојки", "Факти за ракот", "Живеејќи со рак", "Значи вие имате позитивен ПАП тест", "Нов пристап кон здрава исхрана") кои се планира да се преведат на ромски, албански и турски јазик и да се распределат низ целата Република. "Животна искра" е член на меѓународното здружение Reach to Recovery International, International Union Against Cancer со седиште во Женева.

Организацијата има идеја, во иднина да се превземат помали комерцијални активности (продажба на марки и разгледници, касети со детски приказни и песни) заради прибирање средства за остварување на програмските цели. Се планираат групни терапии со психолог за жени кои се скоро оперирани или ќе се оперираат. Една од идеите за идна акција е организирање на семинар за волонтерски сервис за болничарки, и посебен за волонтери кои би се грижеле и би ги посетувале лицата што се болни - пред за време на операцијата и потоа дома,по враќањето од болницата. За овој проект се очекува и поддршка и соработка од владата.

"**Урбана и медиумска акција на Македонија**" е организација чии акции и активности се стремат кон реално согледување на местото на жената во сите општествени сегменти, укажувајќи дека македонското општество е сé уште "машко". Организацијата, како што кажува и самото име, ги насочува своите напори кон интензивна медиумска активност во промовирањето на своите ставови и идеи за развојноста на односите меѓу двата пола. УМАМ има намера да "ги обработу-

ваат прашањата на половите, прашањата за хабитат и животното опкружување, медиумите итн. во форма на книги, публикации, списанија, брошури, ЦД ромови.." и сл. на повеќе јазици. Една од конкретно планираните активности е и работилницата "За подобро разбирање", планирана за 1997 година.

Со оглед на глобалната промена во стратегијата на развитокот на невладините организации во смисла на давање поголем акцент на развојната отколку само на хуманитарната страна во нивното понатамошно опстојување, сведоци сме на зголемениот интерес на бројни организации кои се заинтересирани за нудење на финансиска помош за реализација на добро обмислени и практично применливи проекти. Таквиот тип на активности, во сообразност со истовремена помош за структурно осамостојување на перспективните организации, се среќава во следните случаи:

**1. *Институтот за трајни заедници* (ISC)**[30] од САД кој веќе извесно време во Република Македонија работи на полето на еколошките прашања и проблеми, ги вклучува во рамките на своите активности и женските организации. Во таа смисла, во сите тренинзи за обука и работилници кои овој институт ги има организирано ширум нашата земја, имаат солидно учество и соработка со бројни женски организации кои фигурираат на нивната кореспондентска листа[31] од целата држава. Темите за едукација биле следните: "Како да се направи предлог за грант", "Како да се управува со грантот", "Стратешко планирање за невладините организации", "Заедничко работење за креирање на промени", "Како да се постигнат ефективни состаноци и како да се креираат групни одлуки", "Планирање на проекти, обликување на буџети и пишување на проектни предлози", "Развивање на комунални акциони планови". Вкупно, во 1996 година, 14% од расположивите средства кои се доделени по проекти од вкупниот број на организации кои конкурирале им припаѓаат на женските организации. Институтот досега имал три рунди на доделување на грантови од кои во првиот[32] средства добила женската организација од Тетово[33], за идејата за креирање женски парк во близина на автобуската станица во

---

[30] *Institute for Sustainable Communities*
[31] *Тие се вкупно 32*
[32] *Од декември 1995*
[33] *Огранок на ОЖМ*



нивниот град[34]. Во втората рунда предлози за проекти, женските организации добиле три гранта и тоа: првиот грант е доделен на скопскиот огранок на ОЖМ за дотерување на чаирскиот парк; вториот грант бил доделен на битолската женска организација "Престиж", за комбинирани цели, што значи за активности и за подобрување на техничко-организациската спремност на организацијата[35]; третиот грант е доделен на женската организација од Гостивар[36] за предлог сличен на претходниот[37]. Во третата рунда на грантови, можностите за добивање на грант се најголеми за идеите на: женската организација од Куманово[38] за идејата на еко-оаза; втората е организацијата "Есма" за идејата за едукација на ромската жена за заштита на природната околина, и третата е за женската организација "Бисера" која планира активности од областа на здравата исхрана и заштитата на околината, но и на меѓународен план, во соработка со сродни организации од Поградец, Република Албанија.

Во нашата земја веќе извесно време постои канцеларијата на **DELPHI STAR**[39] **INTERNATIONAL** организација од САД, која е посебно насочена кон соработката со женските организации. Се работи на превентивната здравствена заштита за жени и деца, за поддршка на комуникација преку електронската мрежа, поддршка на помали производни иницијативи и ангажирано бранење на женските интереси (употреба на средствата за јавно информирање, лобирачко-политичка активност). Организацијата има можност да дава грантови, да држи семинари и курсеви за обука. DELPHI досега има финансирано неколку проекти и тоа: идејата на СОЖМ за поддршка на нивното гласило; на самохрани мајки

---

[34] *Целта е да се расчисти теренот од постојниот отпад, да се постави осветлување, да се посади зеленило, и да се постават клупи. Интенцијата првенствено била и да се обезбеди етнички мешан тим за извршување на оваа задача. Процесот се наоѓа во фазата на свое реализирање.*
[35] *Средствата се дадени за техничко опремување и за наемнина на просториите од една година, но воедно и помош за организирање на тркалезни маси за запознавање на луѓето со здравата исхрана и листа на слични помали активности.*
[36] *Огранок на ОЖМ*
[37] *Комбинирана помош за опрема и канцеларија, заедно со организација на проект за садење на дрвја во гостиварскиот регион, идеја која е замислена, исто така, да има своја мултиетничка реализација.*
[38] *Огранок на СОЖМ*
[39] *STAR е кратенка за Strategy, Techniques, Advocacy, Reconciliation.*

од Штип поддршка за купување на станбена зграда за нивните потреби[40]; идејата на "Даја" за развој на ограноци[41]; на СОС телефонот, за купување на стан откаде би можеле да ја вршат својата дејност. Дополнителните два гранта кои се планираат ќе бидат доделени на: Сојузот на жената Албанка за здравствена програма, која опфаќа ангажирање на медицинска сестра и гинеколог, со цел да се намали смртноста кај доенчињата; на женската организација "Бисера" од Охрид ,која ќе треба да истапи со развојна идеја за мал бизнис и со неколку планирани трибини. Други организации кои се сметаат како потенцијално интересни за помош се: "Животна искра", за идејата за донесување на гости-предавачи од Словенија, скопската ромска организација, за идејата за отворање на библиотека, женската организација од Гостивар, за мини бизнис иницијатива итн. DELPHI има организирано и семинари кои ги опфаќале следните теми: решавање (разрешување) на конфликти[42]; интересно застапување на ставовите[43]; теми што ги допираат проблемите на

[40] *Здружението најде една стара зграда која била бивша здравствена установа, и ја реновираа, а за што сумата со која се извршило реновирањето договорено е одбивање од киријата што би требало да биде платена. На овој начин е обезбедено живеење без кирија за извесен број на години.*

[41] *Елемент што ја промени структурата на организацијата и изгледот на нивниот борд, бидејќи се добија нови претставнички-членки.*

[42] *Остварени се регионални семинари во Охрид (овде гравитираа организациите од Битола, Прилеп, Кичево, Охрид и Струга), во Попова Шапка (од Дебар, Гостивар, Тетово и сл), Велес, Штип итн. Скопските организации биле поделени во сите групи по малку и интенцијата била да се соберат и да дискутираат жени од организациите кои се наоѓаат вон главниот град, и да им се даде шанса да го изложат своето мислење и да учествуваат поактивно. Половина од најактивните учеснички се планира да учествуваат во семинарот кој наскоро ќе се организира со предавач од Хрватска.*

[43] *Жените-учеснички на курсот за обука на обучувачите од Македонија и Србија одржале семинар за интересно застапување на ставовите и тоа: за СОС телефонот, за медиумите, жените адвокати и женските организации заедно. Овие две млади жени беа првенствено обучени во САД ,во рамките на една меѓународна група на НВО лидери на International Policy Advocacy Training Program. Се направи напор да се акцентира врската помеѓу базичните, националните, регионалните и меѓународните активности и учесничките фокусираа на употребата на практични стратегии кои би биле користени од страна на НВО. Станува збор ,исто така, за насилството и застапувањето на човековите (женски) права. Во склопот на овие активности се придружија и BABE од Хрватска за тренинг-обука која беше реализирана на Попова Шапка.*



самохраните мајки[44]. Во Тетово се организираше посебна средба со женските организации кои повеќе фокусираат на здравствената помош и заштита, а беше опфатен и односот со медиумите. Во блиска иднина се планира семинар за организациски развој на женските невладини организации, како и семинар за групи кои сакаат да се занимаваат со стопанска активност во рамките на нивните НВО. DELPHI исто така испрати претставнички од нашата Република на конференцијата во Сараево, насловена како "Жени кои се трансформираат себеси и општеството", каде освен жени од бившите југословенски републики оствариja присуство и жени од САД, Европа и Азија.

**2. *Македонскиот центар за меѓународна соработка,*** во рамките на своите програмски определби, исто така, овозможува поддршка на проекти предложени од женските НВО во Републиката. Меѓу оние кои биле одобрени во 1996 година спаѓаат: идејата на "Животна искра" за боенка за деца за хемотерапија, и барањето на истата организација за користење на услугите на канцеларијата на МЦМС за поддршка на НВО[45]; операционализација на Сојузот на албанската жена во Македонија, заради јакнење на оперативниот капацитет, од причина што има големо членство но недоволно ресурси за нормална комуникација и работа[46], како и поддршка на проектот за здравствена едукација на селската жена; користење на услугите на Канцеларијата за поддршка од страна на Сојузот на организации на жени на Македонија заедно со помошта во опремувањето, како и со скопскиот огранок, и Здружението на жени Влаинки и Здружението на жени Србинки; операционализација на хуманитарната асоцијација "Мајка" од Куманово.

Предлозите за идни проекти во МЦМС се однесуваат на: барање на волонтерките од СОС телефонот за тренинг кој ќе содржи продлабочено обучување околу интервенцијата за проблемот и пружање помош по пат на телефон; теорија за последиците на сексуалното насилство и начин и техника на разговорот, вежби на база на примери од лично искуство на

[44] *Позитивен исход од таа средба беше што, жените доаѓаа од повеќе градови во Републиката. Тие имаа можност да се запознаат меѓу себе и да дефинираат својата цел.*

[45] *Се работи за користење на услуги за компјутер, печатар, превод, совети за структурирање и поставување на проект и проектна идеја.*

[46] *Постои и интерес за обука и работа со компјутер.*

предавачите, како да се интервенира, како да се запознаат симптомите на насилството по телефон, долгорочно советување проследено со вежби од лично искуство. ОЖ Гостивар[47] планира да организира предавања од областа на медицината (наркоманијата), правоудството и образованието. Истовремено се планира организирање на еко-митинг.

### 3.3. Сумарни согледувања

Формирањето на нови женски организации и нивната поделба по етничка линија ги следеше општествено-политичките настани кои во првиот замав се доживеаја како дезинтегративен процес. Но од друга страна, имајќи ги предвид разликите што постојат од лингвистички, културен, социјален и друг аспект во нашата држава, логично би било да постојат и различни потреби во однос на тие дивергентни групи на население, па и кога се работи за женските права и потреби. Би можело да се дебатира и размислува, колку овој тренд донесе позитивни а колку негативни импликации во работењето на женските организации. Од една страна, тој процес се доживеа и почувствува како одраз на политичките несогласувања и нивните нус-појави и рефлексија во рамките на невладините организации. Истовремено на ова би можел да се надоврзе и поширокиот дезинтегративен процес кој ги зафати тогашните општествено-политички организации кои имаа традиција и навика да ги опфаќаат сите општествени сегменти од нивниот домен на активност во државата. Се помислуваше дека се разбива духот на заедништво и заедничка работа и ангажман за женските прашања, размислувајќи според некој стар "терк". Од друга страна, посебните групи на население во Републиката имаат свои мошне специфични проблеми и чувствуваа дека тие би можеле да дејствуваат самостојно на теренот во рамките на нивната национална група. Според тоа, се наметнува потребата од специфични типови на активност кои најсоодветно би можеле да бидат покриени токму од припадничките на тие групи во Републиката, бидејќи лично имаат познавања за приликите и специфичностите во рамките на сопствената група. Со текот на времето, и постапното созревање и

[47] *Огранок на ОЖМ*



осознавање на општествената и политичка ситуација и клима донесе новина од аспект на конкретниот ангажман и активирање на жените. Се поочебиен е практичниот ефект со кој една организација се идентификува, за разлика од статичноста. Работата во својата национална група, освен глобалното претставување (репрезентирање) наметна морална обврзаност да се работи и да се постигнуваат резултати, кои во суштина се суштината на егзистирањето на овие организации. По постапното смирување на политичките страсти, дојде моментот во кој се огледува конкретниот оперативен ангажман, од што би се очекувале промени во свеста и однесувањето на сите групи на женската популација.

Освен примарната поделеност по етницитет, исто така, во редот на женските организации можат да се сретнат и такви кои своето внимание го фокусираат и на сосема конкретни и тесно артикулирани интереси на посебни категории на жени, со оглед на различните одлики и критериуми на здружувањето, како на пример: самохрани мајки, жени заболени од малигни болести, организации чија главна дејност е хуманитарната, потоа групи чиј мотив на здружување е тесно-професионален, или зачувување и заштита на културата и нејзините обележја и слично, се разбира се во комбинација со територијалниот принцип во нивното организирање и делување, кој е детерминиран од страна на важечкиот закон.

Со оглед на статутарно определените интереси и основи за соработка, поголемиот дел на организациите се спремни за активност за глобалните женски проблеми, без разлика на етничката, верската, возрасната, социјалната или професионалната припадност. Сите организации се востановени или пререгистрирани според новите, плуралистички услови на општествено-политичкиот систем, односно од почетокот на оваа деценија. Процесот на техничко опремување и решавање на просторните проблеми за многу организации е во тек на решавање, но сепак може да се каже дека следи определена нагорна линија. Професионалниот ангажман е мошне ретко застапен, така што активностите се претежно на доброволна база, што може да претставува хендикеп во случај на потреба од остварување на покрупни проекти. Во принцип, членовите на здруженијата се претежно градско население, иако во последно време се почесто се јавуваат и ограноци во селските средини. Веќе почесто се среќаваат



Friedrich-Ebert-St

помалубројни организации кои се составени од помлади жени кои својата активност ја усмеруваат на потесно-стручен начин и имаат пофокусиран настап и реализација на идеите.

Различните групи на жени, независно од своите меѓусебно различни карактеристики , треба да се обединат за постигнување на заеднички цели и да си помогнат на нова основа, со релација на рамносилност и еднаквост. Логиката на ова тврдење е поврзана со фактот дека сите женски организации во Републиката првично се осврнуваат на глобалните женски проблеми, и се залагаат за подобрување на својот статус и остварување на тие глобални определби. Потребно е да се оствари "женска" коалиција за постигнување на зацртаните цели, за резултатите да бидат многу повидливи, посебно во легална смисла. Секоја група мора да размислува за меѓусебно комуницирање со други организации, како важен дел од нивната работа и ангажман. Во ликот на женските НВО би требало да се гледа катализаторот на работата во областа на еднаквоста, и нивната улога посебно се состои во активирање на јавната свест, во ширењето на идеи, посебно на демократскиот поим на граѓанство и човекови права.

Посебно забележливи се активностите на некои женски организации кои работат и се развиваат во објективно поинакви услови отколку во минатото. Евидентен е напорот за покривање на легалната страна на женските проблеми и потреби, преку иницијативата за промени на законските одредби во корист на жената, како и градењето на стратегија околу лобирањето за институционализирање на сугерираните промени. Битна улога во овој процес игра тактиката и временската стратегија во промовирање на сопствените интереси и нивното преточување во готови предлог-норми, како и методите и начините за постигнување на целта. Лобирањето е процес кој бара многу упорност, енергија, време и добра волја. Жените треба да знаат точно што сакаат, точно каде се вклопуваат во големата слика, и да станат свесни за нивните права. Денешната состојба претставува хибрид на позитивните достигнувања кои жените ги имале од претходниот систем и кои се губат во новонастанатата ситуација на повторно јакнење на традиционализмот. Во овој момент сепак и би можело да се спомне изградувањето на определена традиција во заштитата на женските права која деривираше од претходниот систем и која создаде свест во популацијата



(макар и во определени случаи таа да била само декларативна) за потребата од заштита на правата на жената. Во таа смисла постојат фаворабилни околности од страна на власта во однос на проширување и детализирање на правата и еднаквоста на жените. Проблематичниот момент во нивната апликација се наоѓа на теренот, во секојдневниот живот каде традиционалните спони се сѐ уште на сила. Институционалната заштита на женските права ќе биде во можност реално да профункционира тогаш кога индивидуите ќе се обидат да ги реализираат нив, користејќи ги легално обезбедените институции. Важно е и здружно активирање на женските организации за заедничко дејствување, кога постои цел која ќе биде од корист на сите граѓанки на државата, активности што во суштина ја прават ирелевантна поделеноста во посебни женски организации.

Со оглед на нагласениот интерес на повеќе организации, а воедно и во склад со сегашната сотојба, би требало да се очекува дека област од посебен проектен интерес и натаму ќе бидат здравствените прашања. Во оваа насока се планира поинтензивно здравствено образование на населението, како и поангажирана медиумска акција која ќе ги поткрепи теренските иницијативи од овој тип.

Во однос на идното поинтензивно инволвирање на жените во политиката добра идеја би била да се создаде своевидна берза на женски квалификувани кадри, кои би можеле да претставуваат идни решенија за одговорни позиции и функции. Потребно е да се изврши притисок за внесување на женска квота во сите политички партии. Исто така, би било пожелно да се создаде можност во рамките на новиот изборен модел во случај да се усвои макар и делумно пропорционалниот систем со партиски листи, да постои "подвижна" листа на кандидати, каде што гласачите ќе можат да одберат во рамките на преферираната партија кој кандидат го претпочитаат (со ова женското гласачко тело ќе биде во можност да гласа жени).

Гледано од денешен аспект, методите на работа се менуваат, исто како и начините на добивање парична помош која сега превагнува кон акцентирање и финансирање на конкретни активности. Акцентот во овој момент во речиси сите женски НВО е ставен на примарната едукација, поточно на првите чекори што се превземаат за усовршување на вештината на работење во НВО. За оваа цел, потребни се

дополнителни инструкции и доупатување околу начинот на работа и добивање на средства, подготвување на проектен предлог (идеја), правење на извештаи, адмнинистративно работење на канцеларијата, вреднување на проектите и сл. Во овој момент приоритетно претходи институционалното јакнење на женските НВО, и за таа цел се организираат[48] и посебни курсеви за подобрување на техничката умешност на членовите на НВО. Комбинирањето на помошта на женските НВО при давање на грант за проект и дел од средствата се наменуваат за опремување на канцеларијата, се должат на недостигот на ресурсите кои се на располагање на овие организации. Организациите би требало да стекнат свест за можностите што се нудат, и ќе се нудат, за развој на овој сектор на општеството, кој ќе даде многу поголеми можности во иднина, со шанси за професионално ангажирање.

Сигурно е дека единствениот значаен фактор кој навистина може да донесе промени во положбата на жените во Република Македонија се самите тие. Посветеноста на таа цел, придружена со стратешки зацртана идеја, и нејзината реализација со значително присуство на ентузијазам и енергија, несомнено ќе презентира евидентни резултати.

---

[48] *Поконкретно од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка*